


# Одговорно буџетирање за Ромите на локално ниво во Северна Македонија

## Прирачник за Општините







РОМАКТЕД фаза 2 – заедничка програма на Европската Унија и Совет на Европа “Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво”

Др. Ристо Карајков
Гордана Несторовска

март 2024

ROMACTED
Promoting good governance and Roma empowerment at local level

Co-funded by the European Union
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Co-funded and implemented by the Council of Europe

Оваа публикација е изработена во рамки на програмата РОМАКТЕД 2 со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.

Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови не може да се смета дека ги одразуваат официјалните мислења на Советот на Европа и на Европската Унија.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели се додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекстот, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниот начин "©Совет Европа, година на издавање". Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба дасе достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex or publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со овој документ треба да се упатат на РОМАКТЕД Програмата при Одделот за Роми и Патувачи, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France - Tel. +33 (0)3 88 4, 1 20 00
E-mail: roma.team@coe.int

© Совет на Европа, март 2024.
Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

Дизај на насловна страна: Кенан Таир, Институт за истражување и Анализа на политики Ромалитико
Слика на насловната страница: РОМАКТЕД Програма фаза 2
.

# ПРЕДГОВОР

Одговорното Буџетирање за Роми е исклучиво важна алатка во насока на реализација на сите стратешки документи кои се носат на локално ниво, од таму произлезе и потребата да се изработи овој документ со цел да се допринесе во зголемување на капацитетот на општините како да креираат одговорно сензитивен буџет за ромските прашања.

Советот на Европа дава директна поддршка на заедниците на локалната самоуправа преку РОМАКТЕД Програма, чија главна цел е промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво. Преку Програмата се зголемуваат капацитетите на општините со цел подобро да го разберат концептот на добро управување и важноста од активно вклучување на ранливото локално население во заедничко донесување на одлуки за унапредување на нивната состојба. Целта на градење на вакви партнерства е да се обезбеди почитување на човековите права во пракса и да се обезбеди еднаков пристап до права и услуги на сите граѓани на локално ниво.

Република Северна Македонија со поддршка на РОМАКТЕД Програмата ја поддржа подготовката на Локалните акциски планови за периодот 2023-2026 година. Локалните акциски планови предвидуваат низа на активности и мерки кои се развиени согласно потребите на локалното ромско население, односно во рамки на РОМАКТЕД Програмата првично беше реализирана проценка на потребите на локалното ромско население и во заедничка консултација на Општинските работни групи направена е приоретизација на потребите и нивно дефинирање во мерки и активности во локалните акциски планови. На овој начин беше пилотирана алатката за идентификување на потребите која ги дава основните податоци за креирање мерки а потоа и нивно соодветно буџетирање.

Во прирачникот се потенцира јазот помеѓу просечниот граѓанин и просечниот граѓанин Ром, кој е видлив претежно во области кои се дел од мандатот на општините, односно општините имаат надлежност во обезбедување на пристапот на минимум услови за квалитетно живеење, како што се:  пристап до вода за пиење, канализација, асфалтирани улици, тротоари, улично осветлување, урбано живеење (урбанистички планови) и легализација на домови, детски градинки, основни и средни училишта.

Концептот на родово одговорно буџетирање ја изразува јасната политичка волја на националната и локална власт за превземање на реален чекор кон унапредување на интеграцијата на Ромите.

Овој прирачник дава чекори и алатки за одговорно буџетирање за Роми.

Советот на Европа ќе продолжи со својата поддршка во насока на имање на одговорни политики за Роми како на национално така и на локално ниво.

# СТРУКТУРА НА ПРИРАЧНИКОТ

- ✓ Анализа на потребата од примена на концептот на Одговорно Буџетирање за Роми и анализа на состојбата на Ромите во Северна Македонија
- ✓ Анализа на клучната законска рамка и национални стратегии и локални планови за Ромите во Република Северна Македонија
- ✓ Опис на надлежностите и ресурсите на општините
- ✓ Опис на чекорите, алатките и придобивките од примена на концептот на Одговорно Буџетирање за Роми
- ✓ Насоки за планирање и следење на Буџетот на локално ниво согласно концептот на ОБР со дадени обрасци во прилог

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ОБР | Одговорно Буџетирање за Роми |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| CoE | Совет на Европа |
| МФ | Министерство за финансии |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| ГО | Граѓански организации |
| РОБ | Родово одговорно буџетирање |
| СРС | Совет за регионална соработка |
| ЛАП | Локален акциски план |

# СОДРЖИНА

1. Зошто ни треба концептот на одговорно буџетирање за Роми? ........ 7
1.1 Состојбата на Ромите во Северна Македонија ........ 9
2. Клучна регулатива, документи, и концепти ........ 12
2.1. Законска рамка ........ 12
2.2. Процес на донесување на општински буџет ........ 13
2.3. Клучни поими ........ 14
2.4. Клучни документи во процесот на општинско буџетирање ........ 16
3. Надлежности и ресурси на општината ........ 18
3.1. Клучни надлежности ........ 18
3.2. Приходи во општинскиот буџет ........ 20
4. Спроведување на концептот на ОБР ........ 22
4.1. Придобивки од одговорното буџетирање кон Ромите ........ 22
4.2. Предуслови за спроведување на ОБР ........ 22
4.3. Релевантни чинители ........ 23
4.4. Можни слабости/пречки ........ 24
5. Чекори во процесот на ОБР ........ 26
5.1. Проценка на клучните потреби на ромската заедница на локално ниво ........ 26
5.2. Приоретизација на потребите ........ 27
5.3. Дефинирање на конкретни мерки ........ 29
5.4. Анализа на реалните можности на општината ........ 31
5.5. Поврзување на потребите на ромската заедница со буџетот ........ 32
5.5.1. Категоризација на буџетски програми ........ 32
5.5.2. Споредба на општите цели и целите на стратегијата за инклузија на Ромите ........ 36
5.5.3. Пресметување на учеството на потребите на Ромите ........ 43
5.5.4. Вградување на мерки во линиски буџет ........ 44
5.6. Следење на извршување на буџетот ........ 46
6. Планирање на Буџет на локално ниво согласно концептот на ОБР ........ 47

# 1. Зошто ни треба концептот на одговорно буџетирање за Роми?

Во јули 2019-та година во рамки на Берлинскиот процес се донесе Декларација на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамки на процесот на проширување на ЕУ[1] -Познан Декларација. Со усвојувањето на Декларацијата, владите се обврзаа да продолжат дополнително да ги зајакнуваат напорите за постигнување еднаквост и целосна интеграција на Ромите како дел регионалната соработка и процесот на пристапување кон Европската Унија. Декларацијата предвидува постигнување на конкретно дефинирани цели во обласа на вработувањето, образованието, домувањето, здравствената заштита, документацијата и борбата против дискриминацијата. Исто така, предвидува усвојување на регионални стандарди за јавно буџетирање поврзани со интеграцијата на Ромите и воспоставување официјални канали и механизми за заедничко вклучување на локалните самоуправи и ромските заедници во формулирањето на политики, како и соодветни механизми за следење и известување за спроведувањето на политиките поврзани со интеграцијата на Ромите.

Голем дел од развојниот јаз помеѓу просечниот граѓанин и просечниот граѓанин Ром е во области кои се дел од мандатот на општините. Некои од највидливите разлики се во комуналните прашања, односно во пристапот на минимум услови за квалитетно живеење, како што се:  пристап до вода за пиење, канализација, асфалтирани улици, тротоари, улично осветлување, урбано живеење (урбанистички планови) и легализација на домови, детски градинки, основни и средни училишта. Голем дел од надлежноста во овие области им припаѓа на општините. Општините се надлежни за обезбедување на вода за пиење на домаќинствата, за обезбедување на фекална и атмосферска канализација, за асфалтирање на улици, како и за носење на урбанистичките планови кои се предуслов за воведување на овие услуги. Работата на детските градинки исто така е делумно под мандат на општината. Општините исто така се грижат за менаџирање на училиштата, додека наставната програма е надлежност на институциите на национално ниво (Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието).

Голем дел од развојниот диференцијал, односно од разликата во квалитетот на живеењето на Ромите наспроти не-Ромите во Северна Македонија е во  области кои се во надлежност на општината. Подобрувањето на пристапот на Ромите до вода за пиење, канализација, асфалтирани улици, улично осветлување, итн. се услови кои треба да бидат обезбедени од страна на општината. Доколку општината вложи повеќе во обезбедување на пристап на Ромите до овие услуги, разликата помеѓу граѓанинот Ром и не-Ром во овие области ќе се намали.

Секако ќе постојат разлики во други области кои не зависат директно од тоа што го прави општината, како на пример, приходот на домаќинството, просечното ниво на образование, вработувањето, здравјето итн.

---

[1] https://www.rcc.int/romaintegration2020/docs/105/declaration-of-western-balkans-partners-on-roma-integration-within-the-eu-enlargement-processrn

Меѓутоа доколку општината вложи средства и напор за социјално инклузија на Ромите, разликите ќе бидат намалени во тие области кои директно зависат од нејзината работа, а се во насока на унапредување на квалитетот на живеење на Ромите на локално ниво.

Работата на општината се финансира од општинскиот буџет. Општината го планира својот Буџет во текот на една фискална година (од 1 јануари до 31 декември).

Во оваа насока се наметнува потребата од планирање на локалните буџети на начин кој ги зема во предвид потребите на Ромите, како и општата потреба и обврска постепено да се намалува јазот помеѓу граѓаните Роми и не-Роми во различни области. Сосема е јасно дека разликите не можат да се надминат во краток временски период, или во рамки на една фискална година. Намалувањето на разликите треба да се одвива согласно концептот на постепено прилагодување. Тоа би значело постепено намалување на јазот од година во година. Токму за таа цел е подготвен и овој прирачник, кој е наменет за општинската администрација и дава јасни насоки како да се применува овој концепт на ОБР.

Овој концепт на планирање на локалниот буџет од гледна точка на потребите на Ромите, се нарекува одговорно буџетирање за Роми (ОБР).

Н.

Суштината на пристапот е да се стави фокусот на финансиите, на трошењето на парите, односно во буџетска смисла – на буџетите на јавните институции, кој треба да биде прилагоден согласно реалните потреби на граѓаните и да биде подеднакво распределен со цел да придонесе спроведување на целта на интеграцијата на Ромите како дел од јавните услуги.

.

Суштинската новост на концептот е што го става фокусот на буџетот. Претходно, со децении, основниот пристап кој што се применуваше насекаде беше изготвувањето на стратешки документи, како што се стратегии, акциони планови итн. Фокусот на тие документи беше и се уште е на конкретните работи што треба да се спроведат, на конкретните цели и резултати што треба да се постигнат за да се дојде до одредена општествена промена.

Стратешките документи содржат и финансиски планови, за кои долго време немаше пракса да бидат усогласени со буџетите на институциите, во чија надлежност е спроведувањето на планираните мерки и активности.

Тоа доведуваше и се уште доведува до ситуација кога одредена стратегија или акциски план се донесува и потоа не се спроведува, односно останува само на хартија. Тоа беше и во голема мера останува редовна пракса во Северна Македонија и во другите држави во регионот.

Значителна новина во концептот на ОБР е во тоа саканите цели и резултати да се вградат директно во главниот финансиски документ на јавната институција, во нејзиниот буџет. Тоа не значи дека стратегиите и акциските планови не треба да постојат.

Напротив, тоа значи дека тие треба директно да влијаат во процесот на планирање на јавниот буџет, односно да се интегрираат во јавниот буџет.

Суштината на концептот на ОБР е  фокусот да биде директно врз финансиите, врз трошењето на парите. Со тоа се обезбедува гаранција дека тоа што е предвидено како мерка или активност и ќе се спроведе.

Освен буџетската проекција, важно е да се врши и мониторинг на извршувањето на буџетот.

Целта на концептот на одговорното буџетирање за Роми е да се надмине традиционалната слабост, односнопристап на исклучиво планирање на стратешки и програмски документи со свртување на фокусот на клучниот финансиски документ во јавниот сектор – буџетот. Целта е да обезбеди интегрирање на Ромите преку посензитивни социо-економски политики согласно потребите на локалното ромско население.

## 1.1 Состојбата на Ромите во Северна Македонија

Целта на примената на концептот на ОБР на општинско ниво е секако да се подобри социјалната инклузија на Ромите. За да може да се работи на подобрување потребно е секако да се знае и конкретната социо-економска положба на Ромите на ниво на општина, како и областите во кои тие имаат најголеми потреби. За таа цел потребно е да се познаваат некои од основните социо-економски индикатори кои се користат за да се претстави таа состојба.

Новата *Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030* [2]беше усвоена оваа година и го покрива периодот до 2030. Стратегијата користи статистички податоци од истражувања[3] спроведени од УНДП и Светска банка во 2011 и потоа во 2017 каде што се користи т.н. таргетиран примерок на Роми и не-Роми кои живеат во непосредна близина на Роми со цел да се направи споредба на поголем број на клучни индикатори. Воедно, за индикаторите за кои има достапни податоци на национално ниво се прават споредби и со тие вредности. Селектирани индикатори се претставени во табелата подолу. Важно е кога се прегледуваат индикаторите, да се анализираат и во контекст на општинските надлежности дефинирани во член 22 од Законот за локална самоуправа. Сосема е очигледно дека некои од областите во кои има најочигледни разлики помеѓу Ромите и не-Ромите се во надлежност на општините. Тоа се на пример пристап до вода за пиење и канализација.

[2] Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 www.mtsp.gov.mk

[3] Регионално истражување за Роми 2017, https://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/library/roma/regional-roma-survey-2017-country-fact-sheets.html

Воедно општините имаат одредени надлежности и во други области, во соработка со централната власт. Тоа се на пример детските градинки (предучилишно образование), основното образование, итн.

Овие области беа предмет на значителен интерес во изминатиот период. Имаше значителни напори да се зголеми учеството на Роми во предучилишно образование. Во одредени општини постојат програми за поттикнување на децата Роми да завршат основно образование (стипендии, итн.)

Овие напори секако не се лесни. Клучна пречка за инклузијата на Ромите во македонското општество е сеприсутната дискриминација на Ромите. Таа дискриминација доаѓа од просечниот граѓанин и неговите лични културни ставови. Така на пример, во повеќе градови не-Ромите се противеа и се уште се противат дечиња Роми да идат во иста градинка или исто одделение со нивните деца. Документирани се притисоците од граѓаните не-Роми кон управите на детските градинки, основните училишта, и општините. Многу граѓани не-Роми ги отпишуваат своите деца од градинка или основно училиште и ги носат во други, каде што нема Роми. Има случаи кога и самите управи на детските градинки, основните училишта, како и раководствата на општините, премолчано се согласуваат и го поддржуваат ова однесување.

Ова се напоменува со цел да се потсети дека не станува збор за лесни, хармонични процеси, туку за сложени и тешки општествени промени.

Воедно ова се напоменува и со цел да не се изгуби од вид клучниот фактор за исклученоста на Ромите, а тоа е дискриминацијата.

Не треба да се заборави дека концептот на ОБР се спроведува во контекст на силна дискриминација кон Ромите. Доколку се заборави тоа, се ризикува да се добие поедноставена слика дека станува збор за прераспределба на општински средства, на пример за улици, водовод, канализација, итн., а средствата се секогаш малку и тоа е суштината на проблемот. Проблемот е посложен од тоа. Секако дека хроничниот недостаток на средства е дел од проблемот. Точно е и дека станува збор за испреплетени проблеми кои се акумулирале во многу долг временски период и не е можно да се адресираат краткорочно. Меѓутоа, не треба да се занемарува дека во многу општини во Македонија недостасува политичка и институционална волја за подобрување на положбата на Ромите. Недостатокот на таа волја е во голема мера резултат не индиректната и директна дискриминација која што е се уште сеприсутна.

Во Табела 2 подолу се прикажани некои од индикаторите кои што ги користи новата *Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030*.

Табела 2. Индикатори за условите за живот на Ромите во Северна Македонија

| | просек на национално ниво (%) | Роми (%) | не-Роми* (%) |
|---|---|---|---|
| Вода за пиење во домот | 99 | 90 | 97 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Канализација или септичка јама | 87 | 84 | 92 |
| Тоалет во домот | 97 | 74 | 93 |
| Електричен приклучок | 99 | 93 | 97 |
| Пренатрупаност | / | 61 | 27 |
| Користење на превентивна здравствена заштита | | 55 | 72 |
| Невработеност | | 49 | 19 |
| НЕЕТ** | | 74 | 33 |
| Деца кои идат во градинка | | 14 | 29 |
| Завршено основно образование | | 69 | 93 |
| Завршено средно образование | | 31 | 87 |
| Домаќинства со повеќе од 4 члена | | 40 | 27 |
| Компјутер | | 46 | 72 |

Извор: Истражување на УНДП и Светска банка, 2011 и 2017

*кои живеат во непосредна близина до Роми; ** Стапка на лица кои не се ниту во образование, обука, ниту се вработени.

Како што беше претходно напоменато, некои од најважните разлики се во области кои се директна надлежност на општините.

Табела 2 дава приказ на некои од основните индикатори кои се користат за да се процени квалитетот на животот на едно домаќинство. Тие индикатори вообичаено се пополнуваат со податоци кои се собираат преку т.н. анкети на домаќинства (household surveys). Податоците во Табела 2 се податоци на национално ниво, односно не ја прикажуваат конкретната состојба на Ромите во одредена општина. За ефективно да се примени концептот на ОБР во една општина, идеално би било да се имаат податоци за Ромите конкретно за таа општина. Притоа, тоа треба да бидат т.н. лонгитудинални податоци, односно податоци кои се собираат на идентичен начин со утврдена периодика, на подолг временски период, пр. еднаш годишно или еднаш на две години, итн. На тој начин може да се добие вистинска споредливост на вредностите на индикаторите низ времето и да се следи трендот на промените, односно дали состојбата се подобрува и за колку, стагнира, или се влошува.

# 2. Клучна регулатива, документи, и концепти

## 2.1. Законска рамка

Примената на концептот на ОБР на локално ниво бара општо познавање на општите законски и други акти кои го регулираат општиот процес на буџетирање. Буџетирањето во јавниот сектор и конкретно во општините е регулирано со поголем број на законски и подзаконски акти. Примената на концептот на ОБР не бара исцрпно познавање на оваа регулатива. Меѓутоа секако дека е корисно да се знае кои се главните документи кои ја регулираат оваа област. Тоа се:

- Закон за буџети
- Закон за извршување на буџетите
- Закон за локалната самоуправа
- Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
- Закон за пријавување и евиденција на обврски
- Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници
- Правилник за класификација на приходите
- Правилник за класификација на расходите
- Закон за финансиска поддршка на ЕЛС и единки корисници основани од ЕЛС за финансирање на доспеани, а неплатени обврски
- Правилник за формата и содржината на периодичните финансииски извештаи на општините
- Правилник за одобрување и враќање на позајмици на општините од централен буџет

Основните законски документи се Законот за буџети, Законот за локална самоуправа, Законот за извршување на буџети, и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Важно е да се напомене дека пред многу кратко време, во септември 2022, имаше голема промена во областа со тоа што беше донесен нов Закон за буџети (Службен весник на РСМ бр. 203/22). Новиот Закон за буџети ќе почне да се применува од 2025 година.

Суштинската новост во законот е што воведува буџетирање засновано на резултати и со тоа и користење на клучни индикатори за успешност.

Досега и сеуште кај нас како и во повеќе земји во регионот, се користи т.н. линиски буџет во кој средствата се планираат по категории на трошоци (пр. плати, опрема, договори за услуги), и притоа трошењето на парите не е директно врзано со остварување на одредени цели.

Буџетот заснован на резултати се очекува да го врзе трошењето на средствата со одредени резултати кои ќе се постигнат. На тој начин, буџетот се очекува да обезбеди поголема транспарентност како и ефикасност во трошењето на јавните пари.

Заради неговата комплексност како и опсегот на реформата која што ја воведува, се смета дека ќе биде потребно подолго време јавните институции да се подготват за неговото спроведување.

## 2.2. Процес на донесување на општински буџет

Општинскиот буџет се донесува согласно т.н буџетски календар кој предвидува низа на чекори кои започнуваат на самиот почеток од годината и кулминираат кон крајот на календарската година кога советот на општината го донесува буџетот за следната фискална година.

Со цел ефективно да се примени концептот на ОБР потребно е да се знае динамиката на буџетскиот календар. Тоа е потребно за да можат да се планира динамиката и на самото застапување на ОБР. Буџетскиот календар и прикажан во Табела 1 подолу.

**Табела 1. Буџетски календар**

| | |
|---|---|
| Декември - Март | Советот на општината го донесува буџетскиот календар |
| Најдоцна до 15. Април | Владата ги утврдува стратешките приоритети за наредната Година |
| Најдоцна до 31. Мај | Владата ја донесува фискалната стратегија |
| Април - Мај | Советот на општината го разгледува развојниот план на општината, вклучително со стратешките приоритети на владата и донесената фискална стратегија |
| Мај - Јуни | Секторот за буџети изготвува известување до буџетските корисници да ги доставаат предлог-пресметките за наредната година |
| Јуни - Август | Секторот за буџети врши анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредуваат приоритетите по поднесените барања |
| Најдоцна до 30. Септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар |
| До 20. Октомври | а. Се изготвени нацрт програмите и Градоначалникот ги доставува до Советот<br>б. Советот ги донесува |

| | |
|---|---|
| | в. Се одржуваат јавни расправи<br>г. Се објавува содржината на предлог програмите |
| Најдоцна до 15. Ноември | Советот ги донесува предлог-програмите |
| Од 15. до 25. Ноември | Јавни дебати, јавни расправи, претставување на буџетот на електронските медиуми и прибирање на други предлози од<br>бизнис заедницата, НВО, граѓаните итн. |
| До 1. Декември | Градоначалникот го доставува предлог буџетот до Советот |
| Декември | Се води расправа во телата на советот на Општината |
| Крај на Декември | На седница на Совет на општината се донесува буџетот за наредната година |
| Јануари | Започнува нова буџетска година |

*Извор: Општински буџет за граѓаните, Програма Форуми во заедниците*

## 2.3. Клучни поими

Процесот на буџетирање и на управување со општинскиот буџет се потпира на поголем број на стручни термини. Поголемиот дел од овие термини се дефинирани во клучните закони кои го уредуваат буџетскиот процес. И покрај тоа што ова се стручни термини, поголемиот дел од нив се во широка општа употреба и им се познати и на нестручните лица во областа.
Во продолжение се претставени основните термини кои се користат во областа. Термините се преземени од Прирачникот за буџетирање во единиците на локалната самоуправа во 7 чекори.

Буџет е акт на централната власт (буџетот на државата) и локалната власт (буџетот на општината) со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината.
Приходите во буџетот се категоризираат како даноци и други задолжителни плаќања, кои се утврдени со закон, прилив што произлегува од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надомест за дадени добра или услуги, подароци, донации, спонзорства, субвенции и трансфери.
Расходи се плаќања од буџетот што се евидентираат на готовинска основа во Прегледот за приходи и расходи.
Општински буџетски корисници се органите на општината и јавните служби основани од општината.
Буџет на општините е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.
Основен буџет на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на општината.

Буџет на самофинансирачки активности е годишен план на приходите од активностите на буџетските корисници, односно единките корисници, кои се дополнителни на основните активности дефинирани со закон и на одобрените средства.

Сопствени извори на приходи се локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон.

Дотација е трансфер од Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината.

Блок-дотација е дотација наменета за финансирање на надлежностите во определена област утврдена со закон.

Наменска дотација е дотација наменета за финансирање на конкретна активност.

Партиципативно одлучување е поединечно или колективно вклучување на жителите на општината во одлучувања за работи од локално значење во различни нивоа на одлучување.

Буџетска класификација е хиерархиски приказ на шифрите наменети за класифицирање на функциите, организациските единици, активностите и економските трансакции на единствен и конзистентен начин.

Буџетски дефицит е негативна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи, и тој се финансира со обезбедени средства од други приливи.

Буџетски суфицит е позитивна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи, и се користи за финансирање на негативната разлика меѓу планираните, реализираните други приливи и други одливи.

Буџетско салдо е разлика помеѓу сите приходи и расходи на буџетот.

Задолжување на општините е обезбедување финансиски средства од домашни и странски извори на капитал во рамките и под услови утврдени со закон.

Фискална/буџетска транспарентност е отвореност кон јавноста за минатите, сегашните и идните фискални активности на државата, како и за структурата и функциите на државата што ги детерминираат фискалните политики и исходи.

Партиципација во склоп на управувањето се однесува на вклучување на засегнатите страни во процесот на донесување одлуки за тоа како економските и социјалните ресурси се алоцирани, испорачани, употребени и одржувани.

Отчетноста подразбира одговорност да се објаснат одлуките и мерките пред јавноста, граѓаните, заедницата во склоп на очекувањата што ги има таа. Подразбира детални информации за тоа како се реализирани преземените обврски и дали и кои резултати се остварени.

Граѓански буџет е прикажување на буџетот на едноставен начин со цел да се информираат граѓаните како се креира и како се трошат распределените средства.

Финансиски план е план на приливи и одливи на буџетскиот корисник за одредена буџетска година.

Квотата е вкупен износ на средства кој буџетскиот корисник може да го троши во одреден временски период во рамки на една буџетска година.

Обврска е проценета обврска, преземена обврска, настаната обврска за плаќање и доспеана, а неплатена обврска.

Програма е потесна област во рамки на политиката, која ги следи заедничките специфични среднорочни цели. Една програма може да има една или повеќе потпрограми.

Потпрограма е подетално разработен дел од програма со краткорочни до среднорочни цели и се состои од проекти и /или активности.

Ликвидност е способност за навремено плаќање на обврските во договорениот рок.

Долг на општа власт се состои од консолидирани финансиски обврски создадени врз основа на задолжување на субјекти на општата власт.

Пренамена на буџет е одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на општината во рамки на одобрените буџети.[4]

## 2.4. Клучни документи во процесот на општинско буџетирање

Во процесот на буџетирање и управување со општинскиот буџет се користат поголем број на документи кои се дефинирани и регулирани со клучните закони во областа. Овие документи значајни за примената на концептот на ОБР и потребно е нивно познавање. Тоа се следните:

Буџетскиот календар ги дефинира роковите за планирање на општинскиот буџет, каде што се опфатени сите активности поврзани со подготвување на буџетот, извршување на буџетот низ финансиските извештаи или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација.

Буџетскиот циркулар ги содржи инструкциите за изработка предлог-буџет од страна на буџетските корисници и го доставува Министерството за финансии.

Предлог-буџетот е подготвен од страна на градоначалникот (општинската администрација) во кој се планираат годишните приходи и годишните расходи и кој треба да биде одобрен од страна на советот на општината.

Предлогот на планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по одделни буџетски програми и потпрограми, годините во кои тие ќе се реализираат и изворите на финансирање, односно буџетите.

[4] Тренковски, Борче, Прирачник за буџетирање во единиците на локалната самоуправа во 7 чекори, УСАИД

Буџетот е акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината.

Месечните извештаи ги содржат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходниот месец за коишто се однесува извештајниот период.

Кварталниот извештај К1 ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи за претходните три месеци за коишто се однесува извештајниот период, согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.

Кварталниот извештај К2 ги содржи податоците за сите неподмирени обврски, како и за неподмирените обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од претходниот квартал.

Кварталниот извештај К3 ги содржи податоците за задолжување и информациите за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и промените на состојбата на издадените гаранции и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините.

Полугодишниот извештај ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и за капиталните приходи и расходи за претходните шест месеци за коишто се однесува извештајниот период.

Годишниот извештај ги содржи податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за една година за кои се однесува извештајниот период[5].

[5] Тренковски, Борче, Прирачник за буџетирање во единиците на локалната самоуправа во 7 чекори, УСАИД

# 3. Надлежности и ресурси на општината

## 3.1. Клучни надлежности

Како што беше наведено во воведот на прирачникот, важен дел од областите во кои што постои значителен јаз помеѓу граѓаните Роми и не-Роми во Северна Македонија се во надлежност на општината. Надлежностите на општината се регулирани во Законот за локална самоуправа од 2002 година. Клучниот член кој ги дефинира надлежностите е член 22 од овој закон.

Доброто познавање на надлежностите на општината е исклучително важно за ефективно застапување и спроведување на концептот на ОБР.

Во продолжение е приложен член 22 од Законот за локална самоуправа [6]кој исцрпно ги дефинира овие надлежности:

Член 22

Листа на надлежности:

(1) Општините се надлежни за вршење на следниве работи :

1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето наградежното земјиште;

2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување наводата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкотозрачење;

3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување наразвојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

4. Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите;

[6] Службен Весник на Република Македонија бр 5 од 29 јануари 2002 година

чистењето на оџаците; одржувањето икористењето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5. Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми натворештво;

6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти заспорт; поддршка на спортски сојузи;

7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението;домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;

8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана наученици и нивно сместување во ученички домови;

9. Здравствената заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците изаштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на децаитн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;

10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;

11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;

12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и

13. Други работи определени со закон.

(2) Надлежностите од ставот (1) на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.

(3) Со закон се утврдуваат работите од надлежност на општината кои таа задолжително ќе ги врши.

## 3.2. Приходи во општинскиот буџет

Застапувањето и ефективното спроведување на концептот на ОБР бара општо познавање на начините на кои се финансираат општините во Северна Македонија. За таа цел, корисно е кратко потсетување за изворите на приходи во општинскиот буџет. Овој дел од текстот е преземан од брошурата Општински буџет за граѓаните, напишана од  Програмата Форуми во заедниците. Конкретно, општините ги имаа следните извори на финансирање:

- Сопствени извори;
- Дотации на средства од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите;
- Донации примени од земјата и од странство и
- Заеми од Буџетот на Република Северна Македонија, како и од странство со претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија.

<u>Сопствени извори</u> на финансирање на општината се приходите кои согласно Законот , општинската администрација и советот самостојно ги определуваат, утврдуваат и наплатуваат. Сопствени приходи на општината се:

А) Локални даноци:

- Данокот на имот
- Данокот на наследство и подарок
- Данокот на промет на недвижности и права

Б) Локални такси:

- Комунални такси (фирмарина, јавно осветлување, користење на улици, користење
- на паркинг, истакнување на реклами, соопштенија и огласи на јавни места и сл.)
- Административни такси (за барања, молби, предлози, пријави, жалби, решенија и сл.)

В) Локални надоместоци:

- Надомест за уредување на градежно земјиште
- Надоместоци од комунална дејност (водоснабдување, канализација, јавен превоз,
- одржување на јавна чистота, одржување на улици и патна сигнализација и сл.)
- Надоместоци за просторни и урбанистички планови

Г) Приходи од сопственост:

- Приходи од закупнина

- Приходи од камати
- Приходи од продажба на имот

Д) Приходи од парични казни

Ѓ) Приходи од персонален данок од доход наплатени во тековната година:

- 3% од персоналниот данок на доход од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште
- 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани во општината.

Дотација е трансфер од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината. Со дотации се обезбедуваат дополнителни приходи за финансирање на надлежностите на општината.

Се распределуваат следните видови на дотации:

- приходи од ДДВ
- наменска дотација
- капитална дотација
- блок дотација
- дотација за делегирана надлежност

Донации се неповратни средства добиени од влади на други држави или меѓународни организации, како и од домашни или странски правни или физички лица кои се користат за тековни или капитални расходи, во согласност со условите и намените договорени со донаторот.

Намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава Советот на општината. Граѓаните на општината може да учествуваат со нивни идеи и предло- зи пред и за време на аплицирањето на определен проект од страна на општината.[7]

Извор:

[7] Општински Буџет за граѓаните, Програма форуми во заедниците www.zels.org.mk

# 4. Спроведување на концептот на ОБР

## 4.1. Придобивки од одговорното буџетирање кон Ромите

Основната цел од ОБР е постепеното намалување на јазот во условите за живот кој постои помеѓу граѓаните Роми и не-Роми. Според прирачникот Насоки за буџетирање одговорно кон Ромите, изработен од страна на Советот за регионална соработка (СРС), ОБР остварува и дополнителни придобивки во тој процес. Во најмала рака тоа се следните:

- Поголема буџетска транспарентност
- Поправична распределба на средствата на локално ниво
- Посоодветно трошење на средствата во одговор на реално изразени потреби
- Поголема вклученост на ромската заедница во процесите на донесување на одлуки на локално ниво[8]

Јасно е дека примената на концептот на ОБР дава јасен увид во посветеноста на општината да обезбеди правична распределба на средствата и вклучување на ранливите групи на граѓани.

Воедно, примената на ОБР дава дополнителни гаранции дека буџетирањето е извршено врз основна на реално изразени локални потреби. И секако тој процес реално ја вклучува ромската заедница и со тоа претставува повисоко ниво на транспарентност.

## 4.2. Предуслови за спроведување на ОБР

Според прирачникот Насоки за буџетирање одговорно кон Ромите, изработен од страна на Советот за регионална соработка (СРС) предусловите и чекорите за примената на ОБР се следните:

- Добро познавање на состојбата на ромската заедница на локално ниво
- Разбирање на потребите и предизвиците поврзани со социо-економската интеграција на Ромите на локално ниво
- Реална вклученост на ромската заедница и на нејзините претставници на локално ниво
- Поволен институционално-политички контекст (волја)
- Создавање на услови за мониторинг на извршувањето на буџетот[9]

Познавањето на состојбата на ромската заедница на локално ниво може да се разбере во смисла на познавањето на условите во конкретна општина. Иако состојбата на ромската заедница во различни општини има слични карактеристики, сепак познато е и

[8] Насоки за буџетирање одговорно кон Ромите, Совет за регионална соработка, 2020
[9] ибид

дека постојат специфични услови и состојби кои се специфични само за конкретни општини, односно постојат во една но не и во друга општина.

Разбирањето на предизвиците поврзани со социо-економската интеграција на Ромите на локално ниво може да се поврзе со аргументот дискутиран претходно во текстот. Предизвиците не произлегуваат само од тоа што ресурсите се секогаш ограничени. Треба да се земат во обѕир и другите фактори, како што е сеприсутната дискриминација која постоела историски и се уште е извонредно акутна.

Примената на ОБР бара ромската заедница да биде реално вклучена, односно подобри ефекти ќе се постигнат доколку постои реална вклученост. Секако одредени чекори и мерки можат да се преземат и од горе надолу, односно без некое поактивно учество, но ефектот е секогаш поголем доколку мерките се дефинираат во одговор на реално изразени и дискутирани потреби.

Постоењето на институционална волја да се промени нешто не може да се потенцира доволно. Јасно е дека волјата треба да постои за одредена мерка или потфат да се спроведе, да се работи на одредена промена. Во оваа смисла битно е да се потенцира дека може да се создадат услови волјата да се изгради во локални контексти каде што таа не постои или не е доволно изразена. Пристапот вклучува поширока мобилизација на релевантни чинители на сите нивоа, вклучително политички чинители, медиумите, граѓанскиот сектор и јавноста.

Примената на ОБР бара тековна соработка со општината, со конкретните сектори и службеници во општината. Таа соработка треба да биде систематска и континуирана. Притоа не е доволно само да се обезбеди вклучување на одредени мерки во буџетот. Потребно е потоа да се врши редовен мониторинг на извршувањето на буџетот со цел да се осигура дека предвидените мерки ќе бидат спроведени.

## 4.3. Релевантни чинители

Ефективната примена на ОБР бара вклучување на поголем број на релевантни чинители. Тие чинители како минимум се следните:

- Градоначалник
- Совет на општината
- Релевантни сектори во општината
- Клучни службеници во општината
- Министерство за финансии
- Ресорни министерства
- Ромска заедница и нејзини претставници
- Граѓански организации (ГО)

- Медиуми и јавност

Процесот не треба, ниту е можно, да се сфати како чисто технички процес во кој едноставно ќе се посочат конкретните проблеми и тие веднаш ќе бидат прифатени и внесени во буџетот. Реалноста е сложена. Потребно е комуницирање со директно вклучените чинители како што се градоначалникот, советот, и надлежните сектори и службеници, за да се создадат услови за соработката и да се обезбеди основно признавање на концептот.

Понатаму, инвестициите и мерките на локално ниво често се спроведуваат во одредена форма на соработка со централното ниво. Средствата за поголеми зафати доаѓаат во форма на дотации од централната власт; средствата за одредени мерки за вклучување на ромската заедница, како на пример покривање на трошоци за предучилишно воспитување (детски градинки) или стипендии, повторно можат да бидат обезбедени од централната власт а општините ги администрираат во согласност со планови и стратегии утврдени на национално ниво.

Разните мерки и стратегии утврдени на национално ниво се во надлежност на ресорните министерства. Во таа смисла, напорот за спроведување на ОБР во општината треба да се води од познавањето на овој поширок контекст.

Како што веќе беше споменато, ефективниот процес активно ќе ја вклучи ромската заедница и нејзините претставници. Секако дека е можно предвидување на мерки од горе надолу или во процес кој не се потпира на комуникација со реално засегнатите. Меѓутоа, потребите ќе бидат секогаш пореално дефинирани кога процесот ќе вклучи активна комуникација. Тоа ќе гарантира дека се слушнати сите засегнати страни, дека сѐ добро мапирани потребите, дека е дискутирана приоретизација на потребите по важност, опсег, и итност, итн.

Конечно, граѓанските организации и медиумите се чинители кои можат а го помогнат овој процес. Корисно е да се изврши проценка на нивниот можен придонес и да се изгради пристап кој ќе овозможи нивно вклучување.

## 4.4. Можни слабости/пречки

Ефективното застапување и спроведување на ОБР бара поголем број на предуслови. Тоа воедно во голема мера зависи од квалитетот на документите за социјалната инклузија на Ромите, било да се веќе постоечки или донесени конкретно за потребите на ОБР. Спроведувањето на ОБР во голема мера е процес на усогласување и интегрирање на цели, приоритети, и мерки кои се предвидени со посебни документи, конкретно буџетските програми на општината и документите за инклузија на Ромите.

Понатаму, ефективното спроведување на ОБР изискува квалитетни податоци, добро поставени цели, индикатори, и појдовни и целни вредности. Во оваа смисла одредени недостатоци од повеќе разни аспекти можат да се појават како потенцијална пречка во процесот на ОБР. Познавањето на овие можни пречки дава можност тие навремено да се адресираат. Насоките за одговорно

буџетирање кон Ромите на СРС вклучуваат листа на можни недостатоци и слабости кои можат да бидат пречка во процесот на ОБР. Тие вклучуваат[10]:

- ✓ Целите, вклучувајќи ги целите поврзани со влијанието, исходот, резултатите и излезните параметри, не се соодветно структурирани. На некои нивоа нема дефинирани цели или пак се поставени несоодветни цели. Ова особено важи во однос на поставувањето на целните вредности. Поставените целни вредности често се нереални, а понекогаш и воопшто не се поставени целни вредности.
- ✓ Временските рамки не се јасно дефинирани (останува нејасно дали тие се однесуваат на одредена година или на целиот период на времетраење на планскиот документ).
- ✓ Изворот на финансирање е непрецизно утврден (планираните буџети не одговараат на усвоените буџетски средства на надлежните институции).
- ✓ Поставени се несоодветни индикатори (клучни индикатори на успешноста) за целиот синџир на резултати (влијание, исходи, резултати и излезни параметри).
- ✓ Недостасуваат расчленети статистички појдовни и периодични податоци, особено за општите мерки како што се образование, домување, вработување, здравство и слично.
- ✓ Постои силна зависност од донаторското финансирање. Не се вршат проценки на влијанието, проценката на влијание преставува процес на евалуација на веројатното влијание на предложената интервенција.

.

Списокот на овие можни слабости им дава увид на чинителите заинтересирани за спроведување на ОБР во факторите кои е потребно да ги проверат, предвидат, анализираат, и адресираат, со цел ефективно спроведување на процесот. Некои од овие фактори се надвор од влијанието на локалните чинители, пр. силната зависност од донаторско финансирање. ГО која што сака да примени ОБР во одредена општина нема влијание врз овој фактор. Меѓутоа голем број од другите можни слабости можат да бидат директно адресирани од чинителот. Пр. несоодветноста на индикаторите, или недостатокот на статистички податоци се фактори кои можат да се земат во предвид во процесот на планирање на ОБР во одредена општина. Адресирањето на овие слабости всушност значи да се посвети поголемо внимание на избор на вистинските индикатори како и на дефинирање на соодветни индикатори, во случај кога е потребно тие да се дефинираат за конкретната намена, или пак планирање и поставување на систем за собирање на податоци кои ќе ги пополнуваат конкретните индикатори.

---

[10] Извор: СРС Насоки, 2020

# 5. Чекори во процесот на ОБР

Процесот на ОБР може да се подели на неколку клучни фази односно чекори. Тоа се следните:

- Проценка на клучните потреби на ромската заедница на локално ниво
- Приоретизација на потребите
- Дефинирање на конкретни мерки
- Анализа на реалните можности на општината
- Поврзување на потребите на ромската заедница со буџетот
- Следење на извршувањето на буџетот

Во следниот дел од текстот овие чекори ќе бидат предмет на детална разработка.

## 5.1. Проценка на клучните потреби на ромската заедница на локално ниво

Првиот чекор во процесот на ОБР е проценката на реалните потреби на ромската заедница на локално ниво. Овој процес на проценка треба да ги земе во обѕир најитните односно најкритичните потреби. Тоа се на пример потреби кои го прават животот на одредени сегменти од заедницата многу тежок. Тие вообичаено се однесуваат на основни потреби, како недостаток на вода за пиење, немање храна, греење во зима, итн. Притоа, треба да се има во обизр дека проценката треба да ги земе во предвид тие потреби кои се дел од надлежностите на општината. Понатаму, критериум за утврдување на клучните потреби може да биде бројот на граѓани кои ги засега, или важноста на тие потреби. Овие неколку критериуми на итност, важност, и опсег треба да се земат во обѕир при проценувањето на тоа кои се клучните потреби на ромската заедница.

Притоа, овде се можни две ситуации: општината да нема релевантен стратешки документ за инклузија на Ромите, или веќе да има таков документ. Доколку тој документ веќе постои, и тој е валиден и веќе усвоен од општината, тогаш треба да се смета дека овој чекор од процесот е веќе комплетиран. Истото се однесува и на следниот чекор приоретизација на потребите, како и на тој кој следи после него, дефинирање на конкретни мерки.

Доколку општината нема таков стратешки документ, тогаш прво се пристапува кон проценката на потребите и нивната приоретизација, и потоа се пристапува кон дефинирање на мерките кои треба да се спроведат за да адресираат тие потреби. Резултатот од овие три чекори е всушност стратегијата за адресирање на потребите на ромската заедница на локално ниво, независно од тоа дали таа постои како формален документ или не.

Битно е да се напомене дека овие чекори треба да се спроведуваат со активна вклученост на ромската заедница, односно на граѓаните кои се засегнати. Исто така треба да бидат вклучени останатите релевантни чинители.

## 5.2. Приоретизација на потребите

Процесот на приоретизација на потребите треба да донесе одредени заклучоци за тоа кои потреби се поприоритетни од некои други. Потребите секогаш се многу а средствата кои се на располагање се ограничени. Заради тоа е потребно да се одлучи што е тоа што е најбитно да се направи, на пример во следната буџетска година. Битно е тоа да се случи во некој процес кој има демократски квалитет, односно вклучува дискусија како и одреден процес на гласање. Притоа битно е да се напомене и дека надгласувањето не е секогаш доволно. Треба да се земат во обзир и други критериуми, како што е итноста и битноста. На пример, мнозинството може ќе гласа за поправка на улица во заедницата. На пример, улицата постои, но е руинирана и е потребно да се поправи. Таа улица засега најголем број на луѓе (опсег) и со тоа ќе добие мнозинство на гласањето. Меѓутоа мал дел на граѓани во заедницата немаат вода за пиење. Нивната потреба нема да добие доволна поддршка на гласање затоа што бројот на граѓани кои се директно засегнати од тоа е мал. Ова е класична дилема во демократските процеси во кои доминира волјата на мнозинството. Прашањето е како да се балансираат критериумите на итност, важност, и опсег (број на засегнати). Постојат голем број на модели за обезбедување на социјална правичност во оваа смисла. Целта на овој прирачник не е темелно да навлегува во ова прашање затоа што тоа е предмет на голем број на други текстови.

Во продолжение можат да се прикажат модели за приоретизација на потреби. Овие модели вообичаено се користат во менаџмент праксата и служат за по-структурирано донесување на одлуки по одредени прашања.

<u>Модел 1.</u> Матрикс за носење на одлуки

Корисен начин за носење на одлуки е т.н. <u>decision matrix analysis,</u> кој уште се нарекува multi-attribute utility theory (MAUT).Посебно е корисен во случаи кога <u>има повеќе можности</u> помеѓу кои може да се одбере како и повеќе фактори кои треба да се земат во обзир.Со тоа е посебно корисен во ситуации <u>кога нема јасна опција</u>. Се користи на следниот начин:

- се прави табела
- опциите се ставаат како редови,
- факторите се ставаат како колумни
- секоја опција според секој фактор се рангира од 1-5
- се пондерират сите фактори од 1-5. Поважните фактори добиваат поголем пондер.
- се множат и собираат резултатите

Пример: Избор на модел за пречистителна станица во ромска заедница

Чекор 1.

| фактори | цена | капацитет | трошоци за редовно одржување | потрошувачка на енергија | Збир |
|---|---|---|---|---|---|
| пондер | | | | | |
| Модел 1 | 2 | 4 | 4 | 1 | |
| Модел 2 | 5 | 2 | 3 | 2 | |
| Модел 3 | 3 | 5 | 2 | 3 | |
| Модел 4 | 5 | 5 | 3 | 1 | |

Чекор 2.

| фактори | цена | капацитет | трошоци за редовно одржување | потрошувачка на енергија | Збир |
|---|---|---|---|---|---|
| пондер | 2 | 3 | 3 | 4 | |
| Модел 1 | 2x2 = **4** | 4x3=**12** | 4x3=**12** | 1x4=**4** | 30 |
| Модел 2 | 5x2=**10** | 2x3=**6** | 3x3=**9** | 2x4=**8** | 33 |
| Модел 3 | 3x2 =**6** | 5x3=**15** | 2x2=**4** | 3x4=**12** | 37 |
| Модел 4 | 5x2 =**10** | 4x3=**12** | 3x3=**9** | 1x4=**4** | 35 |

Модел 2. Споредување на парови

Друга техника (вид на гласање) која е погодна за користење за таков тип на одлучување е т.н. споредба на парови.

Оваа техника е посебно погодна за одбирање на неколку опции кои се во меѓусебен соодност, а нема прецизни информации за носење на одлука.

За овој тип на гласање се користи т.н. матрикс за споредба на парови

Се прави на следниот начин:

- се набројуваат опциите
- се ставаат во табела (како редови и како колумни)
- се споредуваат меѓусебно. Во ќелијата се пишува буквата на одбраната опција и се дава вредност (пр. 0-3) т.е се рангира нејзината предност пред другата опција.
- се собира резултатот

Пример: одбирање на мал инфраструктурен проект во ромска заедница

А – детско игралиште

Б – отворен пазар

В - парк

Г – тротоар на улица X

Д – реновирање на младински центар

| | А: Охрид | Б: | В: | Г: | Д: | Е |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А: | | Б1 | А1 | А1 | Д1 | |
| Б: | | | Б2 | Б2 | Д1 | |
| В: | | | | В1 | Д2 | |
| Г: | | | | | Д2 | |
| Д: | | | | | | |
| Е | | | | | | |

Собирање на поените:

А - 2

Б - 5

В - 1

Г - 0

Д- 6 – избрано решение

Прикажаните модели служат само како насока како да се пристапи кон одлучувањето за тоа кои прашања се приоритетни за решавање. Овие модели не даваат дефинитивен одговор на прашањето за правичност. Меѓутоа тие даваат насоки како структурирано да се пристапи кон проценката и анализата на потребите и кон одлучување кое ќе вклучи повеќе од просто надгласување од страна на мнозинството.

## 5.3. Дефинирање на конкретни мерки

Дефинирањето на конкретни мерки е фазата која доаѓа по проценката и приоретизацијата на потребите. Во оваа фаза конкретните прашања и проблеми кои се дефинирани како приоритетни во одреден временски период, на пример следните 3 години, се реформулираат во конкретни мерки кои треба да се спроведат за да се решат тие проблеми. Со овој чекор се комплетира процесот на правење на стратегијата. Овие конкретни мерки, од аспект на форматирање, можат да бидат дел од самиот стратешки документ, или пак од акциониот план кој го разработува стратешкиот документ.

Неколку работи се битни да се спомнат во оваа смисла. Често, конкретните мерки вклучуваат и проценка на средствата кои се потребни за нивното спроведување. Многу од стратешките планови кои се прават вклучуваат проценка на потребните средства, како и на изворот на средствата. Подолу е прикажан терк на стратешки план кој содржи колона во која треба да се внесат потребните ресурси (вообичаено финансиски) за спроведување на одредена мерка.

Пример формат за стратешки или акциски документ

| Мерка | Индикатор | Активност | Одговорна институција | Временска рамка | | Потребни ресурси | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Почетна состојба | Планиран таргет | | |
| Мерка 1 | Опис | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Како што веќе беше споменато, концептот на ОБР добива на значење затоа што традиционална слабост на овие стратешки документи во регионот е што вообичаено не се поврзани со буџетите на институциите кои се надлежни за нивното спроведување. Со други зборови, процесите на донесување на стратешки планови и на носење на буџети не се хармонизирани. Концептот на ОБР има за цел да ја надмине оваа традиционална слабост.

Битно е воедно да се спомне дека конкретните мерки кои треба да се спроведат се поврзуваат со индикатори и со целни вредности (таргети) кои дополнително ја конкретизираат работата која што треба да се изврши како и резултатите кои треба да се добијат со спроведувањето на таа мерка.

Овие концепти на дефинирање на мерки и резултати, индикатори и целни вредности не се предмет на детална разработка во овој прирачник, затоа што постојат голем број на прирачници кои се бават конкретно со тоа.
Исто така треба да се спомене е дека преминот кон програмско буџетирање кое што е воведено во новиот Закон за буџети, ќе бара дефинирање на резултати и индикатори во самите буџети. Ќе треба да се почека да се види како тоа ќе биде спроведено во пракса затоа што законот ќе почне да се применува од 2025. Меѓутоа тој нов пристап всушност ги доближува праксите на стратешко планирање и на буџетирање кои досега беа целосно разделени. Во принцип, ова може да значи дека одредени мерки за инклузија на Ромите, заедно со нивните индикатори и таргет би би можеле директно да се транспонираат во општинскиот буџет. Тоа воедно значи и дека во следниот период концептот на ОБР ќе добие на важност.

## 5.4. Анализа на реалните можности на општината

Во спроведувањето на процесот на ОБР важно е да се направи анализа на реалните буџетски можности на општината. Оваа анализа треба да биде реалистична. Како што веќе беше наведено, многу често стратешките документи кои се однесуваат на инклузијата на ромската заедница се носат одделено од процесот на буџетирање. Во тие стратешки документи фокусот е пред се на темелно и детално наведување на многубројните потреби на заедницата. Притоа често не се води сметка за тоа што од тие потреби може реално да се покрие со општинскиот буџет.

Воедно треба да се има во предвид дека во рамки на општината постојат многубројни потреби како на ромското така и на не-ромското население. Не е доволно да се врши анализата само од аспект на тоа дали има доволно средства за да се покријат само наведените потреби на Ромите. Потребно е тоа да се стави во контекст на целокупните потреби.

Постојат повеќе можности за анализа на општинскиот буџет. Општинските буџети во принцип се јавни. Тие се објавени на веб страниците на општините. Дури и ако буџетот не е јавен тој може да се добие со барање за пристап на информации од јавен карактер.

Притоа можат да се споредат стапките на реализираност на буџетот со тоа што ќе се споредат планираниот и реализираниот буџет (Графикон 1 подолу). Тоа може да се направи на неколку изминати години со цел да се види каква е реализацијата на општинскиот буџет во конкретната општина. Понатаму, може конкретно се  анализира колкав е делот од буџетот на општината што се одвојува за инвестиции, како што се улици, водовод, итн. Тоа исто така може да се направи за неколку години station наназад.

Графикон 1. Буџет на Општина Велес, 2014



Извор: Општински буџет за граѓаните, Програма Форуми во заедницата

Од овие проценки може да се добие одредена но не целосна идеја за финансискиот капацитет на општината.

Следен конструктивен чекор во процесот на анализа на буџетскиот капацитет на општината е дискусијата со општинските претставници. Процесот на ОБР мора да се спроведува во конструктивна и блиска координација и комуникација со општината. Без тоа процесот на ОБР не може да успее. Така комуникацијата околу ОБР и конкретните потреби на ромската заедница кои се предмет на ОБР веќе од почеток го вклучува и аспектот на анализа на финансискиот капацитет на општината. Тоа е составен дел од дискусијата во која носителот на ОБР и општинските претставници разговараат за конкретните потреби, приоритети и можности. Дискусијата во која се одвива и анализата на финансискиот капацитет на општината треба да биде сеопфатна и континуирана. Таа треба да ги опфати сите релевантни чинители од општината. Тоа е секторот за буџет и конкретните службеници, советот и поединечно членовите на советот, како и градоначалникот и неговиот тим. Пожелно е носителот на процесот на ОБР да има стратегија во овој процес на комуникација како и да има обезбедено поддршка од други релевантни чинители.

## 5.5. Поврзување на потребите на ромската заедница со буџетот

### 5.5.1. Категоризација на буџетски програми

Откако е извршена проценката на потребите на ромската заедница, дефинирани се мерките, и е направена проценка на финансискиот капацитет на општината, може да се премине кон поврзување на конкретните мерки кои се утврдени како приоритетни со конкретниот буџет на општината. Цел е да се идентификуваат буџетските програми (буџетски линии) каде што би можеле да се интегрираат одредени мерки или работни задачи кои се потребни за спроведување на мерките.

Според прирачникот [11]Насоки за буџетирање одговорно кон Ромите, изработен од страна на Советот за регионална соработка (СРС), како и насоките за одговорно буџетирање за Роми на локално ниво во Албанија, изработени во рамки на РОМАКТЕД Програмата[12], корисен прв чекор во овој процес е категоризацијата на буџетски програми.

Насоките на СРС го предлагаат буџетските програми да се категоризираат во зависност од тоа колку одредена буџетска програма е поврзана со потребите на Ромите. Конкретно Насоките на СРС го објаснуваат процесот на категоризација:

"Категорија 1. Програмата е директно поврзана со интеграцијата на Ромите. Ваквите програми служат за спроведување на политиката за интеграција на Ромите и обично се експлицитно насловени како такви.

[11] Насоки за одговорно буџетирање за Роми, СРС https://www.rcc.int/romaintegration2020/docs/96/guidelines-for-roma-responsive-budgetin
[12] Roma and Egyptian responsive budgeting at local level in Albania, Council of Europe https://pjp-eu.coe.int/en/web/roma-local-governance/publications-albani

Категорија 2. Програмата е индиректно поврзана со интеграцијата на Ромите. Ваквите програми не ја спроведуваат експлицитно политиката за интеграција на Ромите, но може да имаат очигледна или потенцијално индиректна релевантност за спроведувањето на политиката за интеграција на Ромите (што е очигледно од нивниот наслов). Индиректно поврзаните програми обично се наменети за целото население или за ранливите или малцинските групи. Доколку постои дилема за тоа дали програмата не е поврзана или индиректно е поврзана со интеграцијата на Ромите, се препорачува таква програма да се категоризира под „2". На овој начин ќе се подложи со понатамошна анализа (преку следните чекори).

Категорија 0. Програмата не е поврзана со интеграцијата на Ромите. Според насловот на буџетската програма, евидентно е дека не е релевантна за интеграцијата на Ромите."[13]

Табела 3 подолу е преземена од насоките не СРС и покажува на кој начин се категоризираат буџетски програми. Насоките на СРС прикажуваат хипотетички буџет на национална институција, но вежбата е сосема соодветна и за категоризација на буџетски програми во општински буџет.

Табела 3. Категоризација на буџетски програми

| | Програма/ потпрограма | Активност/проект | Буџет | |
|---|---|---|---|---|
| 24 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ | | 143.150.613 | |
| 24 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ – ОПШТО | | 2.568.439 | 2 |
| 2001 | Развој на науката и технологијата | | 1.857.572 | 0 |
| | | Поддршка за остварување на општи интереси во иновациите | 100.002 | 0 |
| | | Администрација и управување | 103.048 | 0 |
| | | ИПА поддршка за членство во програми | 1.654.522 | 0 |
| 2001 | Управување, следење и развој на сите образовни нивоа | | 710.867 | 2 |
| | | Подготовка на законодавство на сите нивоа на образование | 259.379 | 2 |
| | | Инспекција над работата на сите образовни установи | 58.122 | 2 |
| | | Администрација и управување | 218.967 | 0 |
| | | Унапредување на квалитетот на образованието | 53.420 | 2 |

[13] СРС Насоки, стр. 26

| | Програма/ потпрограма | Активност/проект | Буџет | |
|---|---|---|---|---|
| | | Зголемување на пристапноста до образованието, спречување на осипувањето и дискриминацијата | 25.007 | 2 |
| | | Подготовка на рамка на квалификации | 3.000 | 2 |
| | | Поддршка за проекти од интерес за образованието | 10.000 | 2 |
| | | ИПА 2014 - Секторска поддршка за вработување и активно вклучување на младите | 57.843 | 2 |
| | | ИПА 2013 - Поддршка за евроинтеграциите и развојните проекти за 2014-2020 | 25.129 | 2 |
| 24.1 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 72.090.351 | 2 |
| 2002 | Предучилишно образование | | 2.200.000 | 2 |
| | | Поддршка за реализација на четиричасовната подготвителна предучилишна програма | 2.200.000 | 2 |
| 2003 | Основно образование | | 69.890.351 | 2 |
| | | Реализација на основното образование | 67.087.013 | 2 |
| | | Натпревари на учениците (основно) | 7.500 | 0 |
| | | Модернизација на инфраструктурата на основните училишта | 2.162.944 | 0 |
| | | Набавка на наставни материјали за учениците, новозапишани и објекти | 632.894 | 2 |
| 24.2 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | 33.437.603 | 1 |
| 2004 | Средно образование | | 33.437.603 | 1 |
| | | Реализација на средното образование | 31.658.348 | 2 |
| | | Работа со талентирани студенти | 15.000 | 0 |
| | | Модернизација на инфраструктурата во средните училишта | 1.240.130 | 0 |
| | | Стипендии за ученици Роми во средното образование | 514.125 | 1 |
| | | Реформа на средното образование | 10.000 | 0 |
| 24.3 | СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД (пред-универзитетски) | | 3.896.976 | 2 |
| 2007 | Поддршка за учениците во образованието | | 3.896.976 | 2 |
| | | Систем на установи за студентски стандард | 3.169.854 | 0 |
| | | Индивидуална поддршка за ученици | 727.122 | 2 |

| | Програма/ потпрограма | Активност/проект | Буџет | |
|---|---|---|---|---|
| 24.4 | ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ | | 23.881.420 | 2 |
| 2005 | Универзитетско образование | | 23.881.420 | 2 |
| | | Поддршка за работата на универзитетот во градот X | 17.575.735 | 0 |
| | | Поддршка за работата на универзитетот во градот Y | 5.840.485 | 0 |
| | | Поддршка за отвореноста на универзитетското образование | 214.000 | 2 |
| | | Поддршка за реализација на постдипломски студии | 200.000 | 0 |
| | | Развој на високото образование | 51.200 | 0 |
| 24.5 | СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД (универзитет) | | 7.031.464 | 2 |
| 2007 | Поддршка за учениците во образованието | | 7.031.464 | 2 |
| | | Систем на установи за студентски стандард | 5.173.664 | 2 |
| | | Индивидуална поддршка за ученици | 1.857.800 | 2 |
| 24.6 | ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО | | 142.068 | 2 |
| 2001 | Управување, следење и развој на сите нивоа на образование | | 142.068 | 1 |
| | | Преглед на учебници за отстранување на предрасудите кон Ромите, лицата со попреченост и други | 127.008 | 1 |
| | | Стручно образование и образование за возрасни | 4.870 | 2 |
| | | Професионален развој на наставниот кадар | 10.190 | 2 |
| 24.7 | ИНСТИТУТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО | | 102.292 | 2 |
| 2001 | Управување, следење и развој на сите нивоа на образование | | 102.292 | 2 |
| | | Обезбедување на квалитет на образовниот систем | 93.034 | 2 |
| | | Стручна поддршка за евалуација и самоевалуација на образовните установи | 9.258 | 0 |

Извор: СРС Насоки, 2020

Битно е да се напомене дека ова е хипотетички пример и дека во пракса нема да биде честа појава да се најдат буџетски програми кои можат да се категоризираат со 1, ниту на национално ниту на локално ниво. Тоа секако не значи дека такви примери не постојат туку дека се ретки. Тоа што е побитно во оваа вежба за категоризирање на буџетски програми е да се пронајдат буџетските програми кои би можеле да се категоризираат како 2, односно програми кои можат да бидат индиректно поврзани со инклузијата на Ромите.

Тоа е појдовна основа во рамките на овие програми да се интегрираат конкретни активности и мерки кои потоа би можеле директно да се однесуваат на Ромите.

### 5.5.2. Споредба на општите цели и целите на стратегијата за инклузија на Ромите

Втор чекор во процесот на поврзување на потребите на ромската заедница со буџетот е вршењето на споредба помеѓу целите, резултатите, и мерките како што се предвидени во стратешкиот документ или политика за потребите на ромската заедница со конкретната програма од буџетот.

Табела 4 подолу преставува формат во кој може да се врши оваа анализа, како и го опишува самиот процес на анализата. Матриксот е во целост преземен од СРС Насоките за ОБР изработени во 2022. Тоа што е битно е да се сфати суштината на процесот на анализа.

Во првата колона се внесени целите, резултатите, и мерките на буџетската програма за основно образование. Тоа е општата буџетска програма за основно образование, без посебен акцент на потребите на ромската заедница. Во втората колона се внесени целите, резултатите, и мерките од стратешкиот документ кој ги утврдува потребите на ромската заедница. Третата колона ја содржи анализата.

Анализата ги споредува двете програми на ниво на стратешки цели, на ниво на конкретни цели, како и на ниво на активности. Фокусот на анализата е на проценката на усогласеноста со тоа што целта на оваа анализа е да се утврдат неусогласеностите и врз основа на тоа да се изврши усогласување на целите, резултатите, и мерките од двете програми таму каде што е можно, односно до најголем можен степен.

Треба да се очекува дека е сосема можно во пракса да постои огромна или целосна неусогласеност. Напорот за усогласување веќе го почнува застапувањето на потребите на ромската заедница пред релевантните чинители. Усогласувањето не е едноставна техничка мерка. Тоа е напор за застапување и интегрирање на потребите на ромската заедница во буџетската програма.

Табела 4. Споредба на буџетска програма со приоритетите од стратегијата за интеграција на Ромите

| | Буџетска програма | Политика за интеграција на Ромите | Чекор 2 Анализа |
|---|---|---|---|
| | Реализација на основното образование | Национална стратегија за интеграција на Ромите - Акциски план за образование - поглавје за основно образование | Не се прави анализа на називите |
| Стратешка цел | 1) Подигнување на **квалитетот** на процесот и на **исходите** од образованието до највисоко ниво што може да се достигне: произлегува од научните сознанија во рамките на образованието и познатите образовни пракси.<br>2) Зголемување на **опфатот** **на целата популација** на сите нивоа на образование, од предучилишно образование до доживотно учење.<br>3) Постигнување и одржување на **релевантноста** на образованието, особено на формите на образование кои целосно или делумно | Обезбедување на **целосна вклученост** на децата и младите од ромската заедница во **квалитетно** предучилишно, основно и средно образование, **поголем опфат** на мажите и жените Роми во студентската популација и обезбедување на **поддршка за образованието** на млади и возрасни лица кои **не** **посетувале училиште или го напуштиле**, заедно со воведувањето на ефективни и ефикасни механизми за **борба против** **дискриминацијата** и создавање на услови во кои Ромите можат да ги остварат сите **малцински** **права** во рамките на образовниот систем. | Со утврдување на клучните зборови во двете цели, може да се заклучи дека целите се поврзани на следниов начин:<br>1. Квалитетното образование се обезбедува за сите/вклучувајќи ги и Ромите.<br>2. Поголем опфат на сите/вклучително и Ромите во образованието на сите нивоа.<br>3. Образованието е релевантно во однос на примената на малцинските права за Ромите во образованието.<br>4. Ефикасноста во образованието е зголемена, што значи максимално образование со користење на минимални ресурси (со намалено осипување и зголемено присуство на наставата).<br>Двете цели се разликуваат во следните аспекти:<br>1. Зголемувањето на исходите од образованието е предвидено за општата, но не за политиката за интеграција на Ромите.<br>2. Посебно внимание во политиката за интеграција на Ромите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | се финансираат од јавни извори, преку усогласување на структурата на образовниот систем со непосредните и развојните потреби на **поединците**, економските, социјалните, културните, истражувачките, образовните, јавните, административните и други системи.<br>4) Зголемување на **ефикасноста** на користењето на средствата за образование: завршување на образованието на време, со **минимално продолжување и намалена стапка на осипување**. | | се посветува на реинтеграцијата на лицата кои не посетуваат училиште или го напуштиле, но не и во општата политика.<br>3. Политиката за интеграција на Ромите предвидува борба против дискриминацијата, но во општата политика ова не е јасно наведено (иако релевантноста на образованието може да вклучи одредби кои се однесуваат на недискриминација).<br>Покрај препораката за подобро усогласување на стратегиските цели на двете политики (општата политика и интеграцијата на Ромите), се препорачува да се подобри формулирањето на целите (со користење на принципот СМАРТ).<br>Бидејќи ниту една од политиките нема индикатори за влијанието, очигледно е дека препораката во однос на индикаторите за влијанието би била да се воспостават такви индикатори кои ќе бидат усогласени во двете политики. Преку утврдените клучни концепти во стратегиските цели, може да се заклучи дека треба да се утврдат индикатори за мерење на: квалитетот, опфатот (на пример, стапки на запишување и завршување на образование), релевантност, ефикасност (на пример, стапка на осипување), дискриминација (на пример, појава на дискриминација). Исто така, би се препорачало индикаторите да овозможуваат расчленување според пол и етничка припадност. Понатаму, по формулирањето на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | индикаторите, исто така треба да се утврдат основните, сегашните и целните вредности. |
| | Не се предвидени индикатори за мерење на влијанието (стратегиска цел/општа цел). | Не се предвидени индикатори за мерење на влијанието (стратегиска цел/општа цел). | |
| Конкретна цел | До 2020 година сите **деца** на возраст за образование, како што е дефинирано со закон (најмалку 98% од секоја генерација), без оглед на нивните социо-економски, национални, јазични, етнички, верски и други карактеристики, се **вклучени** во **квалитетно** основното образование, со **осипување** помало од 5 проценти (на пример, 93% од секоја генерација **завршува** основно образование), на национално ниво, вклучувајќи ги и децата од ранливите групи (рурални, Роми, сиромашни, со попреченост и други). | Да се обезбеди основно и средно образование со добар **квалитет** за ромските деца и млади, ефективно да се спречи **осипувањето** и да се обезбедат различни дополнителни форми на **поддршка** до **завршување** на средното образование. | Специфичните цели на двете политики се генерално усогласени. И двете се однесуваат на квалитетот на образованието, спречување на осипувањето и завршувањето на образованието.<br>Сепак, целта на општата политика не се однесува експлицитно на дополнителна поддршка за Ромите или ранливите групи. Освен тоа, политиката за интеграција на Ромите не се однесува експлицитно на посакуваните нивоа на запишување и завршување. Тие се вклучени во целта на општата политика и се всушност целни вредности на политиката. Истите целни вредности треба да се применуваат и за ромските деца. |
| Индика тори | Не се формулирани конкретни индикатори за специфичната цел.<br>Стапка на запишување<br>Стапка на осипување<br>Стапка на завршување на образование | Нето стапка на запишување<br>Нето стапка на посетување на настава<br>Стапка на завршување<br>Индекс на родова еднаквост | Општата политика не содржи конкретни индикатори. Тие можат да се утврдат од формулацијата на самата цел (како што е направено во првата колона).<br>Политиката за интеграција на Ромите експлицитно предвидува индикатори |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (расчленети по пол, регион, етничка припадност, попреченост) | | |
| Основни | Стапка на запишување: 95% или 97%.<br>Стапка на посетување на настава: 98% (стапката на осипување од запишаните е 2%).<br>Стапка на завршување: 95% (за оние кои посетуваат последна година на образование). | Стапка на запишување: 78% или 69,1%.<br>Стапка на посетување на настава: 85%.<br>Стапка на завршување: 64%. | Како општите така и политиките за интеграција на Ромите обезбедуваат одредени основни податоци за индикаторите и за општата популација и за Ромите. Сепак, дадените вредности се разликуваат.<br>Во однос на стапката на запишување, општата политика вели дека 95% од целокупното население се запишува во основното образование, додека политиката за интеграција на Ромите вели дека 97% од вкупното население се запишува во основното образование. Во исто време, општата политика вели дека 78% од Ромите се запишуваат во основно образование, додека политиката за интеграција на Ромите вели дека 69,1% од Ромите се запишуваат во основно образование.<br>Стапката на посетување на наставата во рамките на целокупната стратегија е дадена, а стапката на осипување може да се пресмета од стапката на посетување настава, но само за целокупната популација.<br>Стапката на посетување настава за Ромите е дадена само во рамките на политиката за интеграција на Ромите, каде што не е дадена споредба со вкупното население. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Стапката на завршување е дадена слично на стапката на посетување настава, со забелешка дека општата политика ја следи стапката на завршување за оние кои ја посетуваат последната година од даденото ниво на образование, наместо за сите во рамките на соодветната генерација.<br>Се препорачува основните вредности да се усогласат и да се користат истите извори, методологии и години. |
| Целни | Стапка на запишување: 99%.<br>Стапка на осипување: 5%.<br>Стапка на завршување: 93%. | Во политиката за интеграција на Ромите не се дадени целни вредности. | Ниту општата ниту политиката за интеграција на Ромите експлицитно не вклучуваат целни вредности. Сепак, целните вредности за целокупното население се вклучени во општата политика како дел од специфичната<br>цел. Политиката за интеграција на Ромите, во овој случај, не вклучува никакви целни вредности.<br>Препораката од оваа анализа е да се постават целни вредности за ромската популација и да се усогласат целните вредности за целокупната и за ромската популација во двете политики |
| Акции | Да се подготват локални<br>акциски планови за образование.<br>Да се изградат 5 нови училишта.<br>Да се вклучат ромските деца во воннаставни активности.<br>Да се ревидираат<br>наставните програми за<br>основното образование. | Да се ангажираат<br>асистенти за настава.<br>Правна и административна поддршка за запишување<br>Обука на наставниците<br>за инклузија.<br>Работилници за<br>девојчињата Ромки при преминот од четврто во петто одделение. | Споредбата помеѓу активностите<br>предвидени во буџетската програма и<br>политиката за интеграција на Ромите<br>соодветствуваат до одреден степен.<br>Општата политика, на пример, предвидува спроведување на модел за идентификација на лицата обврзани да го завршат своето<br>образование, што може да соодветствува со идентификацијата на ромските деца во ризик од осипување; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Да се развие механизам за избирање на изборни предмети од страна на учениците.<br>Да се анализираат учебниците со цел да се утврдат недостатоците во постојните учебници во однос на родовата рамноправност, мултикултурализмот, почитувањето на различностите и демократските вредности.<br>Да се спроведе моделот за идентификација на лицата обврзани да го завршат своето образование. | Превоз до училиште за деца (растојание над 3 километри).<br>Идентификување на ромските деца во ризик од осипување. | исто така содржи вклучување на ромските деца во вонnаставни активности (што не е предвидено во политиката за интеграција на Ромите, но е релевантно за спроведување на нејзините цели). Исто така, содржи и други активности кои би можеле да бидат релевантни за спроведување на политиката за интеграција на Ромите. Од друга страна, политиката за интеграција на Ромите содржи голем број на мерки кои не се предвидени во буџетската програма, како што се превозот на деца, правна и административна помош за запишување, обука на наставници и т.н.<br>Препораката од оваа анализа е да се усогласат мерките од двете политики и особено да се вклучат мерките предвидени со политиката за интеграција на Ромите, во буџетската програма. |

<u>Извор:</u> СРС Насоки, 2020

### 5.5.3. Пресметување на учеството на потребите на Ромите

Во продолжение на претходниот чекор, Табела 5 подолу прикажува како појдовните и целните вредности на поставените и усогласени индикатори, можат да се искористат за да се процени колку потребите на ромската заедница учествуваат во буџетската програма.

Оваа анализа ги зема појдовните и целните вредности на индикаторите и ги пресметува нивните апсолутните вредноти (во овој случај броеви на деца во основно училиште), со тоа што претпоставка за ова е достапност на потребните податоци.

Треба да се има во предвид дека во пракса често ќе нема достапни податоци за голем број на потенцијално важни индикатори, а особено ќе нема податоци кои ќе бидат расчленети по битните основи за споредба. Тие битни основи за споредба од аспект на ОБР се етничка припадност (Ром наспроти други етнички заедници) и секако пол, но може да биде битно и расчленување по возраст, итн.

Табела 5. Модел за пресметка на учеството на потребите на ромската заедница во буџетот

| | Буџетска програма | Политика за интеграција на Ромите |
|---|---|---|
| Цел | Зголемување на запишувањето на деца во основно образование. | Зголемување на запишувањето на деца Роми во основно образование. |
| Индикатор | Стапка на запишување | Стапка на запишување |
| Основа | 95% | 78% |
| Целна вредност | 98% | 90% |
| Апсолутни вредности | Сите деца: 350.000<br>95% запишување: 332.500<br>98% целни: 343.000<br>Разлика: 10.500 | Деца Роми: 7.500<br>78% запишување: 5.850<br>90% целни: 6.750<br>Разлика: 900 |
| Придонес на целта поврзана со Ромите со целта на буџетската програма: 900/10.500 или (изразено како процент): 8,6%. | | |

Извор: CPC Насоки, 2020

Откако процентите од појдовните и целните вредности се пресметани во апсолутни вредности (запишани деца во основно образование), може да се пресмета разликата помеѓу вредноста за општата цел и вредноста на целта која се однесува на Ромите. Од тоа потоа лесно се добива колкаво е учеството на потребите на ромската заедница, и конкетните мерки за нивно исполнување утврдени на годишно ниво во вкупната стратегија/програма во таа област (во овој случај основно образование).

Во случајот претставен во Насоките на СРС (Табела 5) тоаа учество е 8.6%. Во наједноставна смисла тоа би значело дека 8.6% од буџет во таа област би требало да биде наменет за ромската заедница. Ова се разбира е поедноставен модел чија што цел е да покаже на кој начин може да се дојде до одредена формула за алокација на буџетските ресурси преку примена на концептот на ОБР.

Овој модел треба да се сфати флексибилно. Може да се случи во една буџетска година делот од буџетот во одредена област, на пример канализација, да биде 90% за ромската заедница во општината. Општинскиот буџет е мал и изградбата на канализација на една улица, која во таа година е во ромска населба, ги апсорбира скоро сите средства од буџетот за таа намена.

Меѓутоа секако дека спротивното е исто така можно, во дадена буџетска година, или во поголем број на буџетски години, буџетските средства наменети за потреби на ромската заедница во одредена област да се незначителни или воопшто да не се алоцирани никакви средства.

Оваа секако зависи и од видот на областа и природата на интервенцијата по области. Инфраструктурата е капитално интензивна. Од друга страна, кампањата за зголемување на запишувањето во основно училиште вообичаено не е капитално интензивна. Активностите на годишно ниво различно се одвиваат за капитално интензивен и не-капитален проект. На пример, кога канализацијата ќе се почне треба и да се заврши во одреден разумен временски рок. Тоа значи алокација на значителни средства во краток временски период, вообичаено 1 буџетска година. Активноста за подигање на свеста на родителите и идентификација на деца кои не одат на училиште може да се одвива во континуитет, периодично, односно со различна динамика на спроведување. Тоа може да се постигне со алокација на помалу буџетски средства неколку години во континуитет.

### 5.5.4. Вградување на мерки во линиски буџет

Следната Табела 6 подолу објаснува уште еден аспект на поврзувањето на буџетот со потребите на ромската заедница. Како што веќе беше дискутирано претходно во текстот, во Република Северна Македонија како и во регионот, буџетите се уште се линиски. Тоа значи дека се претставени преку категории на трошоци. Како што веќе беше споменато, тоа кај нас е сменето со новиот Закон за буџетите кој предвудува т.н. програмски буџети, односно буџети во кои се дефинирани цели, резултати и мерки.

Тој закон ќе почне да се применува од 2025 година и ќе треба време да се види како ќе се одвива неговата примена. Табела 6 прикажува како мерки за потребите на Ромите можат да се интегрираат во линиски буџет. Во левата колона е претставен буџетот и болдирани се ставките во кои можат да се вметнат трошоците за сроведување на одредени мерки од стратегијата за инклузија на Ромите.

Табела 6. Интеграција на мерки во линиски буџет

| | Буџетска програма - Основно образование | Политика за интеграција на Ромите - Основно образование | |
|---|---|---|---|
| Активности | Определување на децата на соодветна возраст<br>Доставување на писма за запишување на родителите<br>Обезбедување на социјална помош на родителите кои имаат потреба<br>Изградба на пет нови училишта | Кампања за подигање на свеста кај родителите<br>Правна помош за добивање на лични документи<br>Определување на децата на соодветна возраст | Активности |
| Буџетски ставки | 111 Плати за вработените 28.000,200<br>112 Социјални придонеси 7.800,000<br>**113 Непарични придонеси 300.000**<br>114 Дневници 1.700.000<br>115 Награди за вработените 350.000<br>116 Тековни трошоци за одржување 7.000.000<br>117 Патни трошоци 3.500.000<br>**118 Исплати по договори за услуги 35.000.000**<br>**119 Посебни услуги 4.560.000**<br>120 Даноци 200.000<br>150 Машини и опрема 500.000<br><br>ВКУПНО 88.910.200 | Кампања за подигање на свеста кај родителите 10.000<br>Правна помош за добивање на лични документи 10.000<br>Определување на децата на соодветна возраст 5.000<br><br>ВКУПНО 25.000 | Мерки на политиката за интеграција на Роми и распределен буџет (во Акцискиот план) |

Извор: СРС Насоки, 2020

Овој чекор е изворедно корисен затоа што покаува како да се врши интегрирање на трошоците за конкретни мерки, во еден типичен линиски буџет.

Чекорите кои беа прикажани во овој дел од текстот се комплементарни меѓутоа тие не се нужно поврзани. Постапката од Табела 6 може да се спроведе и ако претходно не биле спроведени претходните чекори. Истото важи и за сите претходни чекори. Секој од нив може да биде спроведен самостојно. Тие прикажуваат разни аспекти и пристапи во процесот на поврзување на потребите на

ромската заедница и општинскиот буџет. Секако дека е корисно сите овие чекори да бидат земени во предвид, и да бидат вклучени во процесот на планирање, застапување, и спроведување на ОБР. Меѓутоа, фактот што можат да бидат користени самостојно, во рани комбинации, или да бидат модифицирани и моделирани по потреба, му дава флексиблност на застапувачот и спроведувачот на овој процес на општинско ниво.

## 5.6. Следење на извршување на буџетот

Последниот чекор во примената на ОБР е следењето на извршувањето на буџетот. Тоа значи следење дали предвидените средства вклучени во буџетот се и соодветно потрошени. Следњето на извршувањето на буџетот може да вклучи разни видови на активности како на пример средби со одговорните лица од надлежните сектори, средби со градоначалникот, преглед на извештаите на општината за извршување на буџетот, итн. Повторно не станува збор само за административен процес.

Следењето на буџетот е вид на гаранција дека тоа што било договорено и вградено во буџетот навистина ќе се реализира. Треба да се има во предвид дека многу често планираниот и реализираниот буџет не се совпаѓаат.

Доколку се увиди дека на пример политичката волја за спроведување на одредени предвидени мерки опаднала или веќе не постори, може да се размисли за реактивирање на мерки на застапување преку вклучување на релеватни чинители како што се политички партии, граѓански организации,медиуми, како и на самите граѓани.

Следењето на извршувањето на буџетот може да опфати и следење на квалитетот во спроведувањето на мерките, односно дека одредени зафати или активности не се спроведени само про-форма. Овде веќе станува збор за мониторинг на спроведување на одредена работа. Тој мониторинг ќе биде многу различен од зависност од видот на интервенцијата. Мониторинг на одредени инфраструктурни работи е законски регулиран со регулативата на конкретната област. Мониторингот на спроведување на јавна кампања за подигање на свеста или на активност на посети на домаќинства со цел да се идентификуваат деца кои не одат на училиште вклучува фокус на квалитетот на спроведените активности како и документација на тековните резултати кои потоа водат до главните очекувани резултати.

Во поширока смисла процесот на следење на извршувањето на буџетот може да опфати и подолгорочно следење на резултатите кои се постигнуваат преку примената на ОБР. Тоа значи дека се следат целните вредности на клучните индикатори од година во година. На пример, доколку еден клучен индикатор е стапка на запишување на деца Роми во основно образование или во средно образование, се следи промената од година во година. На тој начин се добива временска серија на податоци преку која може да се следи како се одвива интеграцијата на Ромите во оваа област. Очекуваната цел секако е постепено намалување на јазот кој постои помеѓу Ромите и не-Ромите во дадената област. За да биде возможна овој вид на следење потребно е да постојат расчленети податоци.

# 6. Планирање на Буџет на локално ниво согласно концептот на ОБР

***Планирање на Програма која ќе биде усогласена со концептот на ОБР**

Планирањето на програмата,подпрограмата или проектот предмет на ОБР, претставува интегрален дел од процесот на стратешко планирање и буџетскиот процес кој се одвива во единиците на локална самоуправа.

Изборот на програмата, поаѓа од стратешките приоритети на националната стратегија и локалниот акциски план и приоритетите на самата општина, во согласност со реално расположливи финансиските средства,човечките ресурси и други институционални капацитети. Во оваа фаза од процесот, се проценува дали постојат расположливи расчленети статистички податоци проследени со квалитативни анализи за состојбите на Ромите во определен сектор, кои претставуваат почетна точка (benchmark) за промените кои се очекуваат во период од три години, согласно опфатот.

Изборот на програмата,подпрограма или проект која ќе биде предмет на одговорно буџетирање кон Ромите (анализа на состојбата, буџетска анализа, планирање односно креирање на програма, имплементација и следење на спроведувањето, евалуација и известување), треба да ја направат самите општини во согласност со нивната мисија и врз основа на следните критериуми:

- Програмата да биде со среднорочна временска рамка до (3 години), која е дел од стратешкиот план кој се имплементира;
- Програмата да придонесува кон остварување на целите на Стратегијата за инклузја на Ромите и Локален акциски план за Роми, но не и исклучиво;
- Програмата да придонесува директно или индиректно кон подобрување на добросостојбата и квалитетот на живеење на Ромите на ниво на општина;
- Програмата да биде во согласност со реалните потреби на локалното ромско население

Секоја општина е слободна да одлучи за изборот на програма, притоа водејќи сметка најголем дел од наведените критериуми да бидат испочитувани.

***Локална работна група за спроведување на процесот на ОБР**

Заради поефикасно интегрирање на ОБР, во процесите на подготовка на стратешките планови и буџетот, се формира интерна работна гурпа.

Работната група ја сочинуваат:

- координатор назначен за унапредување на состојбата на Ромите на ниво на општина
- координаторот и заменикот координатор за еднакви можности на жените и мажите во општината
- претставник/ци на секторот/и-или локална институција кој е надлежен за имплементација на програмата;
- претставник на секторот за буџет/финансиски прашања;
- претставник на секторот за стратешко планирање;
- претставник на ромската заедница на локално ниво или вработен во општината

Работната група се формира за периодот во кој се подготвува Буџетот и врши мониторинг на истиот.

Работната група вклучена во подготовка на програмата/програмите согалсно концептот на ОБР е одговорна за следниве активности:

- Анализа на состојбата
- Собирање на податоци
- Консултации со сите релевантни чинители
- Анализа на податоците
- Креирање на програма, подпрограма или проект

- Развивање на предлог сензитивни индикатори за избраната програма
- Следење на имплементацијата на програмите
- Евалуација на постигнатите резултати и подготовка на Извештај

Работната група ги следи чекорите за планирање согласно овој прирачник. Образец за планирање на програма -прилог 1 (согласно примерот на планирање за РОБ)

Согласно Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година и Локалните акциски планови за Роми, одговорното планирање на локалниот Буџет со цел целосно вклучување и подеднаква распределба на средствата треба да вклучува посебни активности и мерки во Програмите и Потпрограмите на Буџетот на локалната самуправа и тоа на следниот начин:

| НАДЛЕЖНОСТ | Програми | Потпрограми | Опис на потпрограмата |
|---|---|---|---|
| Ф- УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ | Ф1 | Ф10 | УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ<br><br>Изработка на урбанистички планови во населби со претежно ромско население |
| Г-ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | Г1 | Г10 | ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ<br><br>Активност во која може да се дополни специфична потреба за локалното ромско население- Поттикнување на<br>партнерства и стимулативни мерки (на пример субвенционирање и/или слична мерка) |
| Ј-КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Ј1 | Ј10 | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА<br><br>во минимум една ромска населба на годишно ниво |
| | Ј2 | Ј20 | ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ<br><br>во минимум една ромска населба на годишно ниво |
| | Ј3 | Ј30 | ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ<br><br>во минимум една ромска населба на годишно ниво |
| | Ј4 | Ј40 | ЈАВНА ЧИСТОТА<br><br>во минимум една ромска населба на годишно ниво |
| | Ј6 | Ј60 | ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И МОСТОВИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ<br><br>во минимум една ромска населба на годишно ниво |
| | Ј7 | Ј70 | ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО<br><br>во минимум една ромска населба на годишно ниво |
| К -КУЛТУРА | К4 | К40 | КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО<br><br>Прослава на 8ми април- меѓународен ден на Ромите |
| Н - ОБРАЗОВАНИЕ | Н1 | Н10 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ<br><br>Стипендии за деца Роми |
| | Н2 | Н20 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ<br><br>Стипендии за деца Роми |
| Т - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | Т1 | Т10 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА<br><br>Специфични мерки за деца Роми |

| | | | |
|---|---|---|---|
| В - СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА | В1 | В10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ<br><br>Вклучување на деца Роми во детски градинки |
| Љ – ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | Љ0 | Љ00 | ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ<br><br>План за ризик за ранливи групи |
| Џ- РОДОВА ЕДНАКВОСТ | Џ1 | Џ10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ<br><br>специфични мерки за жени Ромки |

Прилог 1

Предлог образец за подготовка на локални програми

(терк за програми)

| Наслов на програмата (пример: Програма за уредување на градежно земјиште) | |
|---|---|
| Град/општина | |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | |
| **Вид на програмата** | ☐ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правна основа** | ✓ Законски обврски (локална самоуправа, закон за темата/областа, ЗЕМ, дискриминација и сл)<br><br>✓ Обврски од национални Стратегии: за Роми, за родова еднаквост, за климатски промени ..... |
| **1. Вовед/опис на програмата** | - што уредува програмата, зошто ја правиме програмата- се потенцираме важноста на програма,<br>- трендови во областа<br>- анализа на извештаи од национални и меѓународни организации/ препораки<br>- што е актуелно во општината, државата, светот... за дадениот сектор<br>- поврзување со програма на градоначалник или стратегија во областа |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | -почетна позиција – од каде тргнување<br>- анализа на состојба односно фактори придонесуваат кон нееднаква положба на Ромите со посебен осврт на жените, децата, возрасните и други идентификувани подкатегории кои се под специфичен ризик<br>-статистика разделена по пол по област/тема (корисници, заинтересирани страни, ...) |

<table>
<tr><td></td><td>- податоци од мапирања на локално ниво (социјално, енергетско,,,,,,) кои ни се потребни за програмата а не насочуваат каде има потреба од некоја активност<br>- Колку лица се обратиле до општината за дадената област, за што конкретно, колку консултации или форуми со жени и мажи се одржани, дали имало анкети,  средби и сл... ,<br>- добиени предлози од претходните средби и анализи, значи потенцирани потреби и инцицијативи<br>- концептуализација (како течел процесот на одлучување, како се обезбедило балансирано учество,)<br>- дополнителна литература односно дали има извештаи кои ги користиме како извор на податоци поврзани со областа/ секторот а ни даваат насоки кои активности да ги спорведеме</td></tr>
<tr><td>3. Цел на програмата или цели и опис</td><td>Една цел или една главна цел и максимум 3 под-цели: Што сакаме да постигнеме со програмата</td></tr>
<tr><td>4. Мерки (или тематска област)</td><td>За секоја мерка (тематска област) посебно да се напишат активностите или интервенциите<br><br>4.1. Активности- опис и временска рамка<br>4.2. Индикатори по активности- влезни индикатори вклучувајчи и родови индикатори<br>4.4. Буџет по активности<br>4.5. Носител/извршител на активноста<br><br>
<table>
<tr><td>Активност</td><td>Индикатори</td><td>Резултати</td><td>Временска рамка</td><td>Буџет</td><td>Носител на активност</td><td>Забелешка</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td>5. Очекувани резултати од мерките</td><td>Како ќе знаеме дека сме ја оствариле целта на програмата и кои се предвидените ефекти од мерките? Дали со дел од мерките или активностите на програмите сме допринеле за подобрување на положбата на Ромите на локално ниво со посебен осврт на девојчињата и момчињата, жените и мажите?</td></tr>
<tr><td>6. Ризици</td><td>Кои се претпоставките и ризиците за реализација на програмата (доколку ги има)</td></tr>
<tr><td>7. Буџет на програмата и извори на финансирање</td><td>Збир од буџетите на мерките кои пак се збир од буџетите за активности<br><br>- Која мерка ја покрива општината, која мерка од дотации, за која ќе се бараат донации</td></tr>
<tr><td>8. Следење и известување/евалуација</td><td>Кој ќе го следи извршувањето на програмата?<br>- Дали ќе се направи план за мониторинг? На колку месеци ќе се ажурира извештајот?<br>- Кој го подготвува извештајот, од каде се добиваат  податоци за индикатори<br>- Број на извештаи<br>- Мерење на ниво на задоволство на корисници<br>- Промоција на реализирани активности</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | - СОДржина на извештај: наративен дел, реализирани активности,зошто не се реализирале активности, родова статистика на корисници<br><br>Како ќе се мери ефикасноста и ефективноста како основа за подобрување на програмата? |
| **9. Завршни и преодни одредби** | |

Мониторингот на Буџетот може да се следи преку следниот образец, кој ќе се доставува до Секторот за инклузија на Ромите во Министерството за труд и социјална политика до март во тековната година за претходната година.

**Прилог 2**

Предлог образец за следење на локални програми

| | |
|---|---|
| **Име на Програма** | |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | |
| **Вид на програмата** | ☐ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Остварени резултати, промени и влијанија** (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени) | |
| **Анализа на буџетски алокации** (планирани и потрошени средства)<br>Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:<br>Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;<br>Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми | |
| **Наученилекции (**Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори ) | |
| **Заклучоци и препораки** | |

# ПРИМЕРОЦИ НА ОБРАСЦИ

**Предлог Програми на локално ниво за одговорно буџетирање за Роми**

# ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2024

# ОПШТИНА БИТОЛА

Изработиле:

Наташа Ташкова Поповска

м-р Виолета Налевска

Контролирал:

м-р Виолета Налевска

Одобрил:

м-р Снежана Петровска

Одделение за јавни дејности на општина Битола

Разгледува:

Комисија за јавни дејности

Донесува:

Совет на општина Битола

Декември, 2023

# ВОВЕД

Предизвиците на училиштата и учењето во 21 век мора да водат сметка за потребата на поединецот за академски развој и да им дадат можност на овие поединци да функционираат добро во општеството врз основа на барањата што ги поставува општеството, исто така обезбедувајќи му на поединецот етичка платформа со цел да придонесе за одржлив развој кој ја штити основата на општеството; природата и природната средина. Општина Битола верува дека овој сеопфатен начин на размислување - каде што образованието е надградба за целото учење - ја обезбедува оваа комбинација но истовремено се трудиме да задржиме потрадиционален поглед на учењето кој на сите деца ќе им обезбеди добар развој, академско знаење и добри вештини, во исто време кога можеме да им дадеме посеопфатен поглед на општеството и светот што ги опкружува. Ова го засноваме на модел кој има цели кои се залагаат да ги научиме нашите ученици да се разбираат и да се грижат за себе, да се разберат и да се грижат едни за други, за својата заедница, природата и планетата како и да бидат во можност во иднина да носат добри, одржливи одлуки за иднината на едно демократско општество.

Улогата на општините во образовниот систем е обезбедување и одржување на образовната инфраструктура која се состои од училишни згради и опрема, транспорт, наставни средства, како и управување со образовните фондови и образовниот кадар.

Општина Битола при донесувањето Програма за образование внесува веќе применети практики и искуства од други градови но и од сопственото минато искуство.

Програмата за образование за 2024 година на Општина Битола дефинира повеќе приоритетни активности од областа на образование, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупното образование за добробит на граѓаните на Општина Битола.

Појдовна основа за оваа програма е Законот за основно образование и Законот за средно образование иингеренциите кои произлегуваат од нив, односно во делот на создадените обврски кон општините да организираат и обезбедат соодветни образовни услови.

Целите на програмата се јасно определени и од родов аспект, со вклучени согледувања од направените проценки на потребите и приоритетите на различните целни групи, клучително специфичните потреби на жените и мажите, односно девојчињата и момчињата.

# ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА САМАТА ПРОГРАМА

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на образованието работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа, односно програмата за образование на Општина Битола за 2023 година произлегува почитувајќи ги:

- Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)

- Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)

- Статут на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола- бр. 10/05)

- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

Дополнително, програмата ќе допринесе кон реализација на следните релевантни национални стратегии:

- Стретегија за инклузија на Ромите 2022-2030 (Strategija za inkluzija na Romite 2022-2030 03-02-2022 finalna verzija.pdf (mtsp.gov.mk))
- Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2026, (Стратегија за родова еднаквост 2022 2027.pdf (mtsp.gov.mk))
- Национален акциски план за Млади 2023-2027 (public-call (ams.gov.mk))
- Национална стратегија за еднаквост и дискриминација 2022-2026 (Стратегија - усогласена со СЗ (mtsp.gov.mk))

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието со посебно внимание на маргинализирани заедници (ученици Роми, ученици од социјално загрозени семејства, девојчиња и момчиња со попреченост и сл) како и условите за работа.

Покрај тоа цел на програмата на Општината Битола од областа на образование е подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во училиштата, креирање и спроведување на образовни политики согласно локалните потреби за развој на образовниот процес. Општината Битола го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области.

Специфични цели на програмата на Општината Битола од областа на образование се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Битола кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието,
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,
- Планирање на развојот на образованието,
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,
- Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења
- Обезбедување на еднакви образовни можности за образование за сите деца, односно вклучување и стимулирање за постигнување на резултати во образованието на деца од маргинализирани заедници (ученици Роми, ученици од социјално загрозени семејства, девојчиња и момчиња со попреченост и сл)
- Одржување на континуитетот на образовниот процес и заштита и намалување на ризикот од ширење на коронавирусот во сите училишта во услови на светска пандемија

- Практична примена на стекнатите знаења,
- Унапредување на наставниот процес, вонннаставните и слободните активности во основни училишта и квалитетна реализацијата на наставниот план и програма,
- Мотивирање на учениците и ученичките за постигнување на високи резултати во областите за кои покажуваат интерес,
- Развивање и следење на талентот и надареноста кај учениците и поттикнување на нивната креативност,
- Негување на културата и традицијата кај децата,
- Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл,
- Интегрирање и поддршка за децата со посебни образовни потреби, ученици во основните училишта во Општина Битола во редовниот образовен процес,
- Финансиско олеснување на родителите на учениците од основните училишта,
- Обезбедување квалитет и професионален развој на наставниците
- Размена на искуства и добри практики со други општини во делот на

образованието.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Битола предвидени за 2024 година одредени за таа цел, како и преку други форми и активности за обезбедување финансиска поддршка за нивно реализирање од Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Битола ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заентересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

## АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2024 ГОДИНА

Активностите на Општина Битола во областа образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа програма и тоа кон создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието.

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2024 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во две основни ставки, како што следува:

- програмата Н1 – основно образование,
- програмата Н2 – средно образование.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Битола го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности, но исто така за спроведување на оваа програма се грижат и Комисијата за јавни дејности и Одделението за јавни дејности при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2025 година.

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД) | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднократна парична помош за првоодеделенци | Општина Битола | Еднократна парична помош е во износ од 3.000,00 денари нето износ по дете, на семејства кои запишале дете во прво одделение во Општинските основни училишта | Намалување на финансискиот товар на родителите кои имаат првоодеделенци | 2024 | 3.500.000,00 ден | Број на лица кои добиле еднократна парична помош Број на еднородителни фамилии кои добиле подршка Број на Ромски фамилии кои добие подршка |
| 2 | Поддршка на талентирани деца ученици | Општина Битола | Поддршка на талентирани деца ученици врз основа на успех – просек и натпревари | Признавање на нивните напори | 2024 | 300.000,00 ден | Број на лица разделени по пол (женски/машки ) кои добиле еднократна парична помош |
| 3 | Паралелки и образовни програми за Ромите кои се вратиле од странство | Министерство за образование | Да се создаде можност за одделни паралелки и скратени образовни | Зголемен број на повратници кои ќе го продолжат своето образование и ќе го завршат основното образование | 2024 | МО, БРО | Број на деца Роми (девојчиња и момчиња) кои |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Биро за развој на образование<br><br>Општина Битола | програми за Ромите кои се вратиле од странство | | | | биле вклучени во понатамошно образование и во кое одделение продолжиле |
| 4 | Обуки за наставници | -Мин. образование<br><br>-Мин за труд и социјална политика<br><br>- Биро за развој на образование<br>- донатори | Обуки за наставници во основните и средните училишта и негователи во градинките за недискриминација и говор на омраза | -Креирање на средина за развој на потенцијалите на секој ученик преку намалена дискриминација и говор на омраза<br><br>-Запознавање со Ромската култура, историја и обичаи<br><br>-сентизитивни наставници и негователи кон ромските ученици | 2024 | МО, МТСП | Број на вклучени наставници, негователи (поделени по пол и етничка припадност) |
| 5 | Курсеви за функционално неписмени возрасни Роми | Министерство за образование<br><br>Центар за Стручно образование<br><br>Агенција за вработување<br><br>Центар за доживотно учење<br><br>Еразмус проекти и донатори | Да се проверат и понудат курсеви за функционално неписмени возрасни Роми | Да се намали процентот на функционални неписмени роми<br><br>-Да се понудат верификувани програми за образование на возрасни | 2024 | донации | Број на Роми (поделени по пол и возрасни групи) кои се описмениле |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Проект РОМАКТЕД (Реконструкција на хол ( аула ) на ОУ Ѓорги Сугарев) | Општина Битола<br><br>Проект ромактед и донатори | Реконструкција на хол ( аула ) на ОУ Ѓорги Сугарев | Поддобрување на условите за работа во училиштето | 2024 | Грант 307.500,00<br>Буџетска сметка 200.000,00 | Реконструиран хол ( аула ) |
| 7 | Туторска настава | Општина и локални основни училишта<br><br>Буџет на Општината | - Листа на идентификувани ученици (девојчиња и момчиња Роми) со слаб успех<br>- Равиена туторска програма<br>Број на реализирани туторски часови | Спроведување на туторска настава за најслабите ученици Роми кои се вклучени во 3, 4 и 5 одделение во основно образование, кои покажуваат низок образовен успех | 2024 | 200.000,00 | - Број на вклучени деца во туторската настава од кои 50% да бидат девојчиња<br>- ангажирани 7 тутори за спроведување на туторската настава<br>- Број на реализирани туторски часови<br>Најмалку 65% од учениците го зголемиле нивниот успех |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Поддршка за основно образование | Општина Битола<br><br>МОН | Плати и надоместоци за вработените, тековни режиски трошоци, одржување, други договорни услуги | Создавање на услови за нормално функционирање на основните училишта | 2024 | Н1 – 733.534.110 денари | Број на вработени наставници (жени/мажи, по етничка структура и по возраст),<br><br>Број на зафати за одржување |
| 12. | Поддршка за средно образование | Општина Битола<br><br>МОН | Плати и надоместоци за вработените, тековни режиски трошоци, одржување, други договорни услуги | Создавање на услови за нормално функционирање на средните училишта | 2024 | Н2 – 404.000.679 денари | Број на вработени наставници (жени/мажи, по етничка структура и по возраст),,<br><br>Број на зафати за одржување |
| 13. | Реконструкција на основни и средни училишта | Општина Битола | Реконструкција на фасади, кровови, промена на дограма , санитарни јазли, подови .... | Подобрување на условите за функционирање на училиштата | 2024 | Програма за уредување на градежно земјиште<br>МОН<br>Донатори | Број на реконструирани училишта<br><br>Број на вклучени ученици кои имаат бенефит од |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | реконструкцијата (поделени по пол, по возраст и етничка припадност) |
| | | | | | **ВКУПНО** | **1.142.042.289** | |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на програмата за образование во Општина Битола за 2024 година

За програмата Н1 – основно образование, според потребите кои училиштата ги имаат доставено до Општина Битола за 2024 година се вкупно 733.534.110,00 денари, од кои 590.531.840,00 денари за плати и надоместоци ( во нацрт-буџетот се испланирани 568.368.000,00 денари, пресметано според последната исплатена плата за 2023 година), а 143.002.270,00 денари за материјални трошоци. Во однос на платите и надоместоците од блок дотацијата од Министерството за образование и наука за 2024 година, испланирани се 570.066.000,00 денари, што значи дека недостасувааат 20.465.840,00 денари, од кои 10.611.469,00 се за исплата на Надомест за годишен одмор.

Моментално во нацрт-буџетот на Општина Битола за 2024 година, испланирани се 39.500.000 денари за материјални трошоци, но од погоре наведеното може да се види дека потребите на основните училишта се многу поголеми и истите ќе се надоместат со ребаланс на буџетот.

За програмата Н1 – основно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 10.588.800,00 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 7.171.066,00 денари.

За програмата Н2 – средно образование од Министерство за образование и наука како блок дотација се издвоени вкупно 341.000.000,00 денари. Потребите на средните училишта за 2024 година вкупно се 404.000.679,00 денари, за плати и надоместоци се 282.905.179,00 денари, а за материјални трошоци 121.955.000,00 денари, што значи дека од дотацијата недостигаат 63.000.679,00 денари. Надомест за годишен одмор и класа 48 во нацрт- буџетот не се планирани поради ограничениот износ на дотацијата, вкупниот износ за регрес изнесува 5.538.578,00, за капитални расходи според реалните потреби на училиштата потребни се 48.102.500,00 кои исто така не се планирани поради ограничениот износ на дотацијата, дел од средствата ќе бидат надоместени со пренесениот вишок, додека останатиот дел ќе се надоместат со ребаланс на буџет.

За програмата Н2 – средно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 16.699.400,00 денари, .

На сметката донации за програма Н2 – средно образование испланирани се вкупно 2.573.000,00 денари.

| Поддршка за основно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| р.бр. | Програма | Ставка | Опис | Буџет | Дотации |
| 1 | Н1 | 401130 | Основни плати | | |
| 2 | Н1 | 401310 | Персонален данок на доход од плата | | |
| 3 | Н1 | 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | | |
| 4 | Н1 | 402110 | Основни придонеси за ПИО | | |
| 5 | Н1 | 402210 | Основни придонеси за здравство | | |
| 6 | Н1 | 402220 | Основен придонес за професионално заболување | | |
| 7 | Н1 | 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | | |
| 8 | Н1 | 404110 | Надомест за годишен одмор | | |
| 9 | Н1 | 421110 | Електрична енергија | | |
| 10 | Н1 | 421120 | Водовод и канализација | | |
| 11 | Н1 | 421130 | Ѓубретарина | | |
| 12 | Н1 | 421190 | Други комунални такси и услуги | | |
| 13 | Н1 | 421220 | Дрва | | |
| 14 | Н1 | 421240 | Течни горива | | |
| 15 | Н1 | 421310 | Пошта | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Н1 | 421390 | Други трошоци за комуникација | | |
| 17 | Н1 | 421440 | Транспорт на луѓе | | |
| 18 | Н1 | 423110 | Канцелариски материјали | | |
| 19 | Н1 | 423120 | Списанија, весници и др. изданија за користење од страна на вработените | | |
| 20 | Н1 | 423710 | Средства за одржување на хигиена | | |
| 21 | Н1 | 423720 | Материјали за разни поправки | | |
| 22 | Н1 | 423810 | Ситен инвентар | | |
| 23 | Н1 | 424210 | Одржување на згради | | |
| 24 | Н1 | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | | |
| 25 | Н1 | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | |
| 26 | Н1 | 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | | |
| 27 | Н1 | 425250 | Осигурување на недвижнини и права | | |
| 28 | Н1 | 425490 | Други здравствени услуги | | |
| 29 | Н1 | 425760 | Превозни услуги во образованието | | |
| 30 | Н1 | 425990 | Други договорни услуги | | |
| 31 | Н1 | 426310 | Семинари и конференции | | |
| 32 | Н1 | 426410 | Објавување на огласи | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Н1 | 426990 | Други оперативни расходи | | |
| 34 | Н1 | 464990 | Други трансфери | | |
| 35 | НА | 482930 | Реконструкција на други објекти | | |
| | | | **Вкупно:** | **39.500.000** | **570.066.000** |

| Поддршка за средно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| р.бр. | Програма | Ставка | Опис | Буџет | Дотации |
| 1 | Н2 | 401130 | Основни плати | | 183.441.177 |
| 2 | Н2 | 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 16.262.654 |
| 3 | Н2 | 401320 | Персонален данок од надоместоци | | 553.834 |
| 4 | Н2 | 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 52.144.988 |
| 5 | Н2 | 402210 | Основни придонеси за здравство | | 20.802.601 |
| 6 | Н2 | 402220 | Основен придонес за професионално заболување | | 1.386.823 |
| 7 | Н2 | 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | | 3.328.358 |
| 8 | Н2 | 404110 | Надомест за годишен одмор | | 4.984.744 |
| 9 | Н2 | 421110 | Електрична енергија | | 7.780.000 |
| 10 | Н2 | 421120 | Водовод и канализација | | 2.110.000 |
| 11 | Н2 | 421130 | Ѓубретарина | | 1.320.000 |
| 12 | Н2 | 421190 | Други комунални такси и услуги | | 91.000 |
| 13 | Н2 | 421220 | Дрва | | 60.000 |
| 14 | Н2 | 421240 | Течни горива | | 15.600.000 |
| 15 | Н2 | 421310 | Пошта | | 70.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Н2 | 421390 | Други трошоци за комуникација | | 187.000 |
| 17 | Н2 | 421440 | Транспорт на луѓе | | 590.000 |
| 18 | Н2 | 423110 | Канцелариски материјали | | 450.000 |
| 19 | Н2 | 423120 | Списанија, весници и др. изданија за користење од страна на вработените | | 108.000 |
| 20 | Н2 | 423610 | Наставно-образовни помагала | | 340.000 |
| 21 | Н2 | 423710 | Средства за одржување на хигиена | | 605.000 |
| 22 | Н2 | 423720 | Материјали за разни поправки | | 430.000 |
| 23 | Н2 | 423810 | Ситен инвентар | | 350.000 |
| 24 | Н2 | 424210 | Одржување на згради | | 1.200.000 |
| 25 | Н2 | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | | 215.000 |
| 26 | Н2 | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 310.000 |
| 27 | Н2 | 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | | 185.000 |
| 28 | Н2 | 425250 | Осигурување на недвижности и права | | 687.000 |
| 29 | Н2 | 425490 | Други здравствени услуги | | 730.000 |
| 30 | Н2 | 425760 | Превозни услуги во образованието | | 36.100.000 |
| 31 | Н2 | 425990 | Други договорни услуги | | 62.900 |
| 32 | Н2 | 426310 | Семинари и конференции | | 340.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Н2 | 426410 | Објавување на огласи | | 350.000 |
| 34 | Н2 | 426990 | Други оперативни расходи | | 467.100 |
| 35 | Н2 | 464990 | Други трансфери | | 2.255.000 |
| 36 | Н2 | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | 2.180.000 |
| 37 | Н2 | 480190 | Купување на друга опрема | | 1.900.000 |
| 38 | Н2 | 482930 | Реконструкција на други објекти | | 41.602.500 |
| 39 | Н2 | 483120 | Купување на училишен мебел | | 1.790.000 |
| 40 | Н2 | 483190 | Купување на друг мебел | | 630.000 |
| | | | **Вкупно:** | | **404.000.679** |

| Реден број | Шифра | Донаторски сметки | Износ | Програма |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од ЕУ<br>742 114 | Реконструкција хол ОУ Ѓорги Сугарев | 307.500,00 | |
| | 482 930 | Реконструкција на други објекти | 307.500.00 | НА |
| | | ВКУПНО | 307.500,00 | |

<table>
<tr><td colspan="2">ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА 2024ГОДИНА</td></tr>
<tr><td>Град/општина</td><td>ОПШТИНА КИЧЕВО</td></tr>
<tr><td>Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата</td><td>Локален економски развој</td></tr>
<tr><td>Вид на програмата</td><td>☐ Хоризонтална<br>X Вертикална</td></tr>
<tr><td>Правна основа</td><td>Програмата за подршка на локалениот економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат одЗаконот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Кичево , други позитивни законски одредби на Република Северна Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.<br><br>Дополнително, програмата ќе допринесе кон реализација на следните релевантни национални стратегии:<br>- Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2026, точка 2.10 (Стратегија за родова еднаквост 2022 2027.pdf (mtsp.gov.mk))<br>- Национален акциски план за Млади 2023-2027 (public-call (ams.gov.mk))<br>- Национална стратегија за еднаквост и дискриминација 2022-2026 (Стратегија - усогласена со СЗ (mtsp.gov.mk))<br>- Сретегија за инклузија на Ромите 2022-2030 (Strategija za inkluzija na Romite 2022-2030 03-02-2022 finalna verzija.pdf (mtsp.gov.mk))</td></tr>
<tr><td>1. Вовед/опис на програмата</td><td>Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите.<br>Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на општина Кичево, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.</td></tr>
<tr><td>2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување</td><td>Локалниот економски развој е надлежност на локалната самоуправа и во најголем дел зависи од доброто планирање во локалната самоуправа. Мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во Република СевернаМакедонија па затоа се изготвуваат Програми за локален еконмски развој на ниво на секоја општина базирани врз основа на Стратегиите за локален економски развој на општините и програмите за развој на општините.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Процесот на планирање на програмата за разлика од стратешкиот документ не е базиран врз непосредното учество од страна на јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), од причини што општина Кичево во овој период согласно законот за територијална организација претрпе измени и потребен е извесен период за консолидирање,редифинирање на приоритетите согласно новонастанатата состојба. Сепак, во планирањето, генерално се согледани потребите и на општините кои се припоија кон општина Кичево и преку заеднички напори и контакти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одреден одржлив локален економски развој и прогрес на општина Кичево се пристапи кон изработка на програмата.<br>Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата, стратегиите и плановите за развојот на општината во сите тематски области во кои локалната самопурава има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање од централно на локално ниво. Во рамките на тие активности подготвен е профилот на општина Кичево , кој треба константно да се ажурира и ќе вклучува број на подржани иницијативи на жени и мажи, Роми и други етнички заедници. Воедно, подготовката на програмата е согласно и одредени насоки на ЕУ за користење на ИПА фондовите, што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.<br>Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Кичево, вклучени се програмите за работа и буџетско планирање на сите Сектори и Одделенија во Локалната Самоуправа на Општина Кичевосо посебен акцент на Програмите Г1, Г2 и Регионален развој, при што се предлага следнава програма **за Подршка на локалниот економски развој за 2024 година**. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Општина Кичево преку Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на **подобрување на економската клима и условите за локален развој**, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2024година. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **Предвидени мерки и активности**<br><br>**1.1. Операционализација на постојната стратегија за локален економски развој во правец на поддршка на локалниот економски развој (поддршка на нво, здруженија на граѓании слично коофинансирање на проекти и активности од заеднички интерес)**<br><br>Операционализацијата на Стратегијата за локален економски развој (која секторски ке се ревидира) ги опфаќа годишните акциони планови и програми за реализација на активности за постигнување на зададените приоритети и стратешки цели преку објавување на:<br><br>1. ЈАВЕН ПОВИК<br>ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024г. |

| | |
|---|---|
| | Проекти -(поддршка на невладините организации и здруженија на граѓани и слично, кофинансирање на проекти и активности од заеднички интерес.)<br><br>- За проекти кои влијаат кон јакнење на капацитетот на граѓанскиот сектор и подобрување на квалитетот на живеење на најразлични целни групи (Роми, жени, маргинализирани заедници) во согласност со стратешките правци и определби на општината врз однапред утврдени критериуми .<br>- За проекти кои влијаат кој јакнење на капацитетот на здруженија и нво кои работат на полето на подобрување на условите за живеење на социјално маргинализирани лица, лица со посебни потреби и слично.<br>Условите за доделување на средставата дополнително ќе се определат и при изборот на проекти ќе се внимава на следните параметри или критериуми:<br>- Состав на управувачките одбори на невладините (жени и мажи, припадници на етнички заедници (Роми и други заедници),<br>- Вклученост на жени, Роми и други маргинализирани лица во реализација на активностите<br><br>**Предвиден буџет1.200.000,00ден.** **(види анекс 1- рекапитулар)**<br><br>Индикатори:<br>- Број на невладини организации кои аплицирале за подршка<br>- Предвиден број на жени/мажи, Роми и припадници на други етнички заедници кои ќе бидат вклучени во реализација на програмата<br>- Предвиден број на жени/мажи, Роми и припадници на други етнички заедници кои ќе имаат бенефит од реализација на програмата<br><br>ЈАВЕН ПОВИК<br>ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024г.<br><br>За проекти кои влијаат кон :<br><br>**1.1 Создавање на конкурентна економија во приватниот бизнис, поддршка на развојот на МСП и претприемништвото**<br><br>Малите и средните претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој и поради тоа мора континуирано да се работи на изнаоѓање стимулативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така треба да им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Кичево во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Кичево.Предвидените активности за поддршка се во согласност со националната развојна политика за претприемништво и националната стратегија за развој на МСП во смисла на создавање на глобална рамка за развој на поволна деловна клима, стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Кичево. Општина Кичево е во директна соработка со МСП, стопанските комори, агенцијата за вработување и другите |

| | |
|---|---|
| | релевантни институции предвидува дополнителни активности за вмрежување и промоција на домашниот и странскиот пазар.<br><br>Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото е планирано да се реализира преку следниве активности:<br><br>- Подршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на проекти кои придонесуваат кон намалување на невработеноста на различни категории на лица во општината согласно податоците од Агенцијата за вработување.<br>- Субвенционирање за вработување на млади лица со посебен акцент на млади Роми (и девојки и момчиња), долгорочно невработени, и лица под социјален ризик<br>- Обуки за подигнување на вештини и знаења (преквалификации и доквалификации) согласно потребите на пазарот на трудот.<br>- Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото<br>- Поттикнување на жените, посебно од Ромската и другите помали етнички заедници да аплицираат на повици за подрѓка на претприемништвото<br>- Поддршка на МСП за учество на саеми и промоција<br>- Поддршка на МСП за усовршување и сертифицирање<br><br>При доделување на помошта/субвенциите ќе се води сметка мин 30% да биде за помалку застапениот пол и минимум дополнителни 5% за бизниси основани од Роми<br><br>**Предвиден буџет 4.200.000,00ден (види анекс 1- рекапитулар)**<br><br>Индикатори:<br>- број на лица (разделени по пол, етничка припадност и возраст) кои аплицирале за некоја од мерките<br>- Број на подржани бизниси<br>- Процент на подржани бизниси раководени од жени<br>- Процент на подржани бизниси раководени од жени Ромки<br>- Процент на подржани бизниси раководени од Ромки<br><br>**1.2 Создавање на рамка за правилно искористување на природните ресурси**<br><br>Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Кичево, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:<br><br>• Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива.<br><br>Активноста предвидува отпочнување на процесот за идентификација на локалните производи и услуги и информативно-консултативни средби со МСП и локалните производители. |

| | |
|---|---|
| | • Воведување на програми и проекти за поддршка на органското производство, собирање на шумските плодови, нови автохтони насади на овошје и др. земјоделски производи.<br>• Поддршка на проекти и програми поврзани со традиционалните и автентични занаети (набавка на опрема и алат, уредување на простор и стручно усовршување).<br>• Поддршка на проекти кои придонесуваат кон заштеда на енергија, искористување на обновливи видови на енергија, заштита на животната средина и нивна афирмација.<br>• Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.<br>• Уредување и обележување на излетнички места, видиковци, водотеци, извори, пешачки патеки, во функција на развој на туризмот, ( поттикнување на развојот на туризмот-G2).<br>• Промоција на можностите за инвестирање во Општина Кичево<br><br>Во сите овие активности ќе се посвети посебно внимание за балансирано учество на претставници и од женски и машки пол, како и процентуална застапеност на Ромите и другите етнички заедници согласно последниот попис<br><br>**Предвиден буџет 1.000.000,00денари – (види анекс 1-рекапитулар)**<br><br>**Индикатори:**<br>-Број на лица присутни на обуките (разделени по пол, етничка припадност и возраст) за органско производство, за ИПАРД и за енергетска ефикасност<br>-Број на лица кои аплицирале за ИПАРД (разделени по пол, етничка припадност и возраст)<br>-Процент на сопственост на земјиште од страна на жени поделени по етничка припадност<br>-Процент на сопственост на земјиште од страна на мажи поделени по етничка припадност<br>-Нови регистрирани соби кои се издаваат, заведени во регистарот на општината согасно законот за Угостителство<br>-Број на жени кои се занимаваат со туристичка дејност во однос на мажи<br>-Процент на Роми кои се занимаваат со туристичка дејност во однос на останатото население<br><br>**1.3 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**<br><br>Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.<br>Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: |

| | |
|---|---|
| | - Партиципација на Општина Кичево, за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти**.<br><br>- Партиципација во финансирање на Центарот за Развој на ЈЗПР и сопствено учество на Општина Кичево за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој.<br><br>- Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од РепубликаСеверна Македонија и регионот, во рамки на Програмите на различни донатори, невладини организации и здруженија , меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти.**<br><br>**-** Аплицирање со проекти кои ќе придонесуваат кон развој на **урамнотежена економска , комунална и социјална инфраструктура** , преку подршка на програми и проекти кои задираат согласно Законот за локална самоуправа и Сатегијата за локален економски развој во надлежностите за организирање и управување со комуналната инфраструктура како и меките надлежности како образованието , социјалната и здравствена заштита итн.<br><br>**Предвиден буџет 1.500.000,00 ден (види анекс 1- рекапитулар)**<br><br>**Индикатори**<br>-Број на аплицирани/добиени проекти<br>-Број на лица (разделени по пол, етничка припадност и возраст) вклучени во реализација на проектите<br>-Број на лица (разделени по пол, етничка припадност и возраст) кои се во управувачката структура на проектите<br><br>**1.4 Други оперативни тековни расходи и договорни услуги**<br><br>За реализација на Манифестациите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2024 год. потребни се одредени средства кои се наопходни за реализација на истите. Овде пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираатодредени предвидени содржини во 2024год.<br><br>Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во општинската аднминистрација кои работат на полето на локален економски развој кои се најдиректно поврзани со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејќи се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси на вработените кои работат на полето на локален економски развој.<br>Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на |

<table>
<tr><td></td><td>континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.<br><br>Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:<br><br>- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,<br>- Превод на стручна литература , услуги за копирање , печатење и издавање ,<br>- Консултантски услуги за специфични проектни активности,<br>- Членарина во странски и домашни организации,<br>- Подготвување и дизајнирање на проекти ,<br>- Редефинирање на Документот за локален економски развој и публикација<br><br><u>Предвиден буџет 650.000,00 ден (види анекс 1- рекапитулар)</u><br><br><u>Индикатори;</u><br>- Број на лица (разделени по пол, етничка припадност и возраст) кои бие на обуки<br>- Број на надворешно ангажирани лица за проекти (разделени по пол, етничка припадност и возраст)</td></tr>
<tr><td>5. Очекувани резултати од мерките</td><td>Резултати:<br>- Зголемен број на бизниси на територија на општина Кичево<br>- Зголемување на приходите од данок како резултат на зголемениот број на фирми<br>- Економска интеграција на Ромите<br>- Економска интеграција на жените<br>- Економско зајакнување на млади жени и мажи претприемачи</td></tr>
<tr><td>6. Ризици</td><td>За успешна реализација на програмата потребно е вклучување на целото население а посебно на економски неактивното население, Ромите и останатите лица кои се работоспособни. За да се стапи во контакт со Ромската заедница пред реализација на секоја од мерките и активностите, одговорното лице ќе има состанок со Ромскиот медијатор во насока на активирање на Ромското население и користење на продобивките од програмата</td></tr>
<tr><td>7. Буџет на програмата и извори на финансирање</td><td>Програмата ќе се финансира со финансиски средства<br><table><tr><td>1</td><td>Буџетот на Општина Кичево за 2023год. во износ</td><td>12.540.000</td></tr><tr><td>2</td><td>Меѓународни фондови</td><td>3.480.000</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>8. Следење и известување/евалуација</td><td>Следење на реализацијата на мерките и мониторинг ќе врши Секторот за локален економски развој преку индикаторите поставени во мерките и активностите. Доколку се забележат јазови во индикаторите, ќе се превземат дополнителни активности за надминување на истите.</td></tr>
<tr><td>9. Преодни и завршни одредби</td><td>Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кичево“.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | |

**Анекс 1**

**Рекапитулар**

| **ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр** | **Активност** | **Опис** | **Износ** |
| 2.1. | Операционализација на стратегија за одржлив развој<br>-Финансирање на локални микропроекти за локалниот економски развој, согласно стратегијата за развој, поддршка на нво и слично | -За проекти кои влијаат кон јакнење на капацитетот на граѓанскиот сектор и подобрување на квалитетот на живеење на различни целни групи во согласност со стратешките правци и определби на општината (врз однапред утврдени критериуми) . | 900.000,00 |
| | | За проекти кои влијаат кој јакнење на капацитетот на здруженија и нво кои работат на полето на подобрување на условите за живеење на социјално маргинализирани лица, лица со посебни потреби и слично. | 300.000,00 |
| | Вкупно 2.1. | | 1.200.000,00 |
| | | | |
| 2.2. | Создавање на конкурентна економија во приватниот бизнис,поддршка на развојот на МСП и претприемништвото | -Поддршка на претприемништво, бизнис планови, започнување на нови start up бизниси и имплементација на проекти кои придонесуваат кон намалување на невработеноста во општината<br><br>-Субвенционирање за вработување на млади лица | 5.640.000,00 |
| | | Обуки за подигнување на вештини и знаења (преквалификации и доквалификации)согласно пазарот на трудот | 120.000,00 |
| | | Поддршка на МСП за учество на саеми | 100.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Поддршка на МСП за усовршување и сертифицирање | 100.000,00 |
| | Вкупно 2.2. | | 5.960.000,00 |
| | | | |
| 2.3. | Создавање на рамка за правилно искористување на природните ресурси | Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законскта регулатива | 100.000,00 |
| | | Воведување на програми и проекти за поддршка на органското производство, собирање на шумските плодови, нови автохтони насади на овошје и др. Земјоделски производи | 100.000,00 |
| | | Поддршка на проекти и програми поврзани со традиционалните и автентични занаети (набавка на алат опремување на простории и стручно усовршување) | 200.000,00 |
| | | Поддршка на проекти кои придонесуваат кон заштеда на енергија , искористување на обновливи видови на енергија, заштита на животната средина и нивна афирмација<br><br>Уредување и обележување на излетнички места, видиковци, водотеци, извори, пешачки патеки, во функција на развој на туризмот | 300.000,00<br><br>300.000,00 |
| | Вкупно 2.3. | | 1.000.000,00 |
| | | | |
| | | | |
| 2.4. | Средства за сопствено учество во имплеметација на меѓународни проекти | Партиципација на Општина Кичево за реализација на **меѓународни проекти** | 300.000,00 |
| | | Партиципација во финансирање на ЦРЈЗПР односно сопствено учество на Општина Кичево за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој. | 6.000.000,00 |
| | | Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, невладини организации и здруженија,фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.** | 600.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Аплицирање со проекти кои ќе придонесуваат кон развој на урамнотежена економска , комунална и социјална инфраструктура , преку подршка на програми и проекти кои задираат согласно Законот за локална самоуправа и Статегијата за локален економски развој во надлежностите за организирање и управување со комуналната инфратсруктура како и меките надлежности како образованието , социјалната и здравствена заштита итн. | 300.000,00 |
| | Вкупно 2.4. | | 7.200.000,00 |
| | | | |
| | | | |
| 2.5 | Други Оперативни расходи и договорни услуги | Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции, | 100.000,00 |
| | | Превод на стручна литература, услуги за копирање , печатење и издавање | 100.000,00 |
| | | Консултантски услуги за специфични проектни активности, | 200.000,00 |
| | | Подготвување и дизајнирање на проекти | 60.000,00 |
| | | Редефинирање на документот за локален економски развој и публикација | 200.000,00 |
| | Вкупно 2.5. | | 660.000,00 |
| | | | |
| | | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2023 | **16.020.000,00** |

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 22 став 1 точка 6 од истиот Закон и член 22-а став (3) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 244/19), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за спорт на Општина Кочани за 2024 година

| Наслов на програмата: Програма за спорт на Општина Кочани за 2024 година | |
|---|---|
| Град/општина | Кочани |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Сектор за општи и правни работи и јавни дејности и одделение за јавни дејности |
| **Вид на програмата** | ☐ Хоризонтална<br>X Вертикална |
| **Правна основа** | Оваа програма се донесува согласно член 36 став (1) точка 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 22 став 1 точка 6 од истиот Закон и член 22-а став (3) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 244/19).<br><br>Во Законот за локалната самоуправа во листата на надлежности на општините се утврдени работите кои Општината може да ги врши во областа на спортот и рекреацијата и тоа:<br>— Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;<br>— Организирање и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во општина Кочани;<br>— Финансирање на проекти, спортските настани и манифестации од интерес на општината и<br>— Одржување на спортските сали, терени и рекреативни игралишта.<br><br>Дополнително, програмата ќе допринесе кон реализација на следните релевантни национални стратегии:<br>- Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2026, точка 2.10 (Стратегија за родова еднаквост 2022 2027.pdf (mtsp.gov.mk)) |

| | |
|---|---|
| | - Национален акциски план за Млади 2023-2027 (public-call (ams.gov.mk))<br>- Национална стратегија за еднаквост и дискриминација 2022-2026 (Стратегија - усогласена со СЗ (mtsp.gov.mk))<br>- Стретегија за инклузија на Ромите 2022-2030 (Strategija za inkluzija na Romite 2022-2030 03-02-2022 finalna verzija.pdf (mtsp.gov.mk)) |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возраси, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните.<br>Заради остварување на потребите за занимање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија. Во овие здруженија строго е забрането верско и политичко дејствување.<br>Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт. Спортските клубови заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови. Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности можат да се здружуваат во општински односно градски сојузи од ист спорт. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Програмата за 2024 година е изготвена врз основа:<br>- На извештаите за потрошени средства добиени од Општина Кочани во 2023година и барањата од клубовите за 2024 година<br>- Бодување според Правилникот за распределба на средствата спорт<br>- Колку девојчиња/момчиња биле вклучени во активностите<br>- Колку Роми и припадници на другите етнички заедници биле/се вклучени во спортски активности<br><br>Во текот на 2023 година на територија на општината има 28 активни спортски клубови од кои во три тренираат само девојчиња, во пет само момчиња, а во другите и момчиња и девојчиња. Или изразено во бројки околу250 девојчиња и 350 момчиња.<br>Од вкупно 600 членови во спортските клубови има околу 20 (16момчиња и 4девојчиња) Роми што соодветствува со 3,5% исто колку што се застапени во општина Кочани.<br><br>За подготовка на оваа програма, немаме податок колку жени и мажи и припадници на Ромската етничка заедница се дел од управувачките |

| | |
|---|---|
| | структури или трeери во спортските клубови. Овој податок дополнително ќе се собере согласно Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот (ПРИЛОГ 1) |
| **3. Цел на програмата** | Во насока на исполнување на целите на програмата, при распределба на средствата дополнително се вреднува и за тоа бодови ќе добијат спортските клубови, сојузи, здруженија и спортисти поединци кои нудат:<br>• Поттикнување на спортски активности на децата и младите девојки и момчиња од сите етнички заедници кои живеат во општината во насока на унапредување на здравјето;<br>• Вклучување на жени во управувачките структури на клубовите, сојузите или здруженијата;<br>• Поттикнуваат интеграција на Ромите и другите етнички заедници во клубовите, сојузите и здруженијата и во управувачките структури;<br>• Спортски клубови сојузи и здруженија кои ја подигаат еколошката свест и со своите активности допринесуваат за чиста и здрава животна средина<br>• Поддржување на масовен спорт, спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите и спортистките без разлика на верска и етничка припадност за постигнување на врвни спортски резултати;<br>• Поттикнување и помош за организирање на спортски приредби и манифестации;<br>• Одржување и функционирање на постојните објекти, како и изградба на објекти за спорт во општината. |
| **4. Мерки - тематска област** | **4.1 ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА И СОЈУЗИ**<br>За спортските клубови, здруженија и сојузи според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот се предвидени 3.266.000,00 денари од кои 500 000 за котизација на спортски клубови, 145.560,00 денари за спортските сојузи и училишни спортски клубови и 2.580 440,00 за спортските клубови.<br>Средствата наменети за спортските клубови се распределуваат за спортски клубови што практицираат олимписки спортови 2.512.000,00 и 68.400,00 за неолимписки спортови.<br>Понатаму од вкупните предвидени средства за клубовите од олимписките спортови средствата се распределуваат за клубови кои се |

| | |
|---|---|
| | класифицираат како екипни олимписки спортови со средства во висина на 1.848.500,00 денари и за клубови од индивидуални олимписки спортови во висина на 663.600,00 денари.<br>Финансиска поддршка ќе се обезбеди за училишни спортски клубови, здруженија и сојузи со вкупно164 500,00 денари или 3,5% од вкупниот буџет од Програмата за спорт на Општина Кочани за 2024 година.<br><br>**Со своја Програма до Општина Кочани аплицираа следниве клубови од екипни олимписки спортови:**<br>1. ЖФК „Кочани"<br>2. ФК „Кочани"<br>3. ФК „Фудбал Старс" - Кочани<br>4. ЖФК „Фудбал Старс "<br>5. КК „Баскет Дино"<br>6. ГФК„Осогово"<br>7. ЖКК „Поникваˮ<br>8. ФК„Младост Тошев" – Оризари<br>9. ФК „Задругар" – Долни Подлог<br>• **Клубови од индивидуални олимписки спортови:**<br><br>1. Клубот за гимнастички спортови „Кочани" - Кочани<br>2. Боречкиот клуб „Спартак"<br>3. Пинг Понгарски клуб „Кочани"<br>4. Пинг Понгарски клуб „Хепи"<br>5. Спортски клуб „Електрика" – Кочани<br>6. Клуб на планински велосипедизам ПОСКОК- Кочани<br>7. Мото клуб „Желки" – Кочани<br>8. Мото клуб „Стронг Ридерс"<br>9. Карате клуб „Кочани"<br>10. Карате клуб „Партизан"<br>11. Здружение за млади и спорт „Нико"<br>12. Здружение за дигање тегови „Тим Строн Монстер"<br>13. Здружение велосипедски клуб „Вело-М"<br><br>• **Спортски клубови - неолимписки спортови:**<br><br>1. Клуб за планински спортови „Москито" – Кочани<br>2. Планинарски спортски клуб „Осогово " – Кочани<br><br>• **Сојузи и други спортски клубови:**<br><br>1. Спортско рибарско здружение еколошки клуб„Кочански рибар" – Кочани.<br><br>2. ОФС Кочани |

- **Училишни спортски клубови, здруженија и сојузи:**

1.Сојуз на училишен спорт.
2. УСК„Енергија спорт“
3. УСК„Берни спорт“

| Ред.бр. | Спортски клуб | Средства - денари |
|---|---|---|
| 1. | ГФК„Осогово“ | 1 205 000,00 |
| 2. | ЖФК „Кочани“ | 120 000,00 |
| 3. | ФК „Кочани“ | 30 000,00 |
| 4. | ФК„Фудбал Старс“ | 48 000,00 |
| 5. | Ж ФК„Фудбал Старс“ | 25 500,00 |
| 6. | КК„Баскет Дино“ | 180 000,00 |
| 7. | ЖКК „Пониква“ | 200 000,00 |
| 8. | ФК„Младост Тошев“ – Оризари | 40 000,00 |
| | **Вкупно (ред.бр.1-8)** | **1.848.500,00 денари** |
| 9. | Клубот за гимнастички спортови„Кочани“ | 90 000,00 |
| 10. | Боречкиот клуб„Спартак“ | 123 000,00 |
| 11. | Пинг Понгарски клуб „Кочани“ | 45 000,00 |
| 12. | Пинг Понгарски клуб„Хепи“ | 25 000,00 |
| 13. | Спортски клуб„Електрика“ | 50 000,00 |
| 14. | Здружение за млади и спорт „Нико“ | 35 000,00 |
| 15. | Мото клуб„Желки“ | 25 000,00 |
| 16. | Мото клуб „Стронг Ридерс“ | 25 000,00 |
| 17. | Клуб на планински велосипедизам ПОСКОК | 35 000,00 |
| 18. | КК„Партизан“ | 80 000,00 |
| 19. | КК„Кочани“ | 80 600,00 |
| 20. | Здружение за дигање тегови „Тим Строн Монстер“ | 25 000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Здружение велосипедски клуб „Вело-М“ | 25 000,00 |
| | **Вкупно (ред.бр.9-21)** | **663.600,00 денари** |
| 22. | Клуб за планински спортови „Осогово“ | 43 400,00 |
| 23. | Клуб за планински спортови „Москито“ | 25 000,00 |
| | **Вкупно (ред.бр.21-22)** | **68.400,00 денари** |
| 24. | Спортско рибарско здружение еколошки клуб „Кочански рибар“ – Кочани | 70 000,00 |
| 25. | ОФС Кочани | 75 500,00 |
| | **ВКУПНО (ред.бр. 22 и 25)** | **145.500,00 денари** |
| 26. | Сојуз на училишен спорт. | 130 000,00 |
| 27. | УСК„Енергија спорт“ | 15 000,00 |
| 28. | УСК„Берни спорт“ | 19 500,00 |
| | **ВКУПНО (ред.бр. 26 до 28)** | **164 500,00 денари** |

***Средствата за спортските клубови, здруженија на граѓани и сојузи ќе бидат исплаќани квартално и по поднесено барање за наменски трошоци.***

| | | |
|---|---|---|
| 4.1 | **Котизација на спортските клубови, поддршка на спортски сојузи и клубови, училишни спортски клубови и училишен спортски сојуз** | **500.000 ден + 2.890.500,00 денари** |

**4.2 ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ**

За унапредување на спортот важни се и пропратните активности како организирање на спортски манифестации. Покрај набавката на пехарии други награди за прогласување на најдобрите екипи и поединци, Општина Кочани финансиски ги подржува и традиционалните спортски манифестации. Поддршката на спортските манифестации според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот се предвидени 799 000,00 денари

| **Ред бр.** | **манифестација** | **Планирани средства** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Избор на спортист | 100 000 денари |
| 2. | Петровденски турнир во фудбал | 180 000 денари |
| 3. | Илинденски младински фудбалски турнир – Горни Подлог, | 20 000 денари |
| 4. | Богородичен фудбалски турнир Долни Подлог и Мојанци | 70 000 денари |
| 5. | Фудалски турнир "Драганица" | 30 000 денари |
| 7. | 3x3Баскет турнир | 40 000 денари |
| 8. | Промоција на Поникваа ( велосипедска тура Осогово Адвенчр) | 40 000 денари |
| 9. | Вело тура- Источна Македонија | 30 000 денари |
| 10. | Турнир во борење | 90 000 денари |
| 11. | Младински турнир во мал фудбал „Св. Атанаси-Оризари 2023" | 55 000 денари |
| 12. | Организирање на турнир за деца во мал фудбал "Универзални игри' | 35 000 денари |
| 13. | 100 години Фудбалски клуб „Осогово" | 70 000 |
| 14. | Други манифестации, пехари, медали, дипломи... | 39 000 денари |
| | **Вкупно** | **799 000.00 денари** |

* Турнирите ќе бидат организирани доколку се пријави спортски клуб или здружение кое ќе го биде организатор

**4.3 ОДДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ**

Во сопственост на Општина Кочани и од јавен интерес се спортските објекти: стадионот „Никола Мантов", градската спортска сала која е дадена за раководење на ОУ„Св.Кирил и Методиј" и ОУ„Никола Карев" и ОУ„Крсте П. Мисирков", спортската сала „Партизан" и објектот – Snow board-park во спортско рекреативниот центар „Пониква", повеќенаменски игралишта, фитнес зона. Тениски терени и др. За успешно одвивање на спортските активности потрбно е одржување на објектите, како и доопремување на истите. Оддржувањет на спортските објекти се реализира и од други програми, а активностите се поместени во истите тие програми.

| | |
|---|---|
| | <table><tr><td>4.3</td><td>**Одржување на спортски објекти**</td><td>**822 500 денари**</td></tr></table><br>**<u>4.4 ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И ПОЕДИНЦИ КОИ ОСТВАРИЛЕ ВИСОК СПОРТСКИ УСПЕХ</u>**<br>Проектите се поднесуваат по потреба по распишани огласи од најразлични институции, здруженија на граѓани, ентузијасти и најчесто се бара партиципирање на општината. Финансиска поддршка од Програмата ќе добијат и млади спортисти кои ќе допринесат за афрмација на општина Кочани преку групни или самостојни спортски активности. Средствата за поединци ќе се одобруваат по поднесени барања за спортисти кои оствариле високи спортски резултати.<br>Од регионалниот спортскиот клуб за слепи и слабовидни спортисти „Пониква" има поднесено барање за финансиска подршка за голем број на спортски активности.Општина Кочани ќе ги поддржи со 20 000 денари.<br>Инклузијата на децата со попреченост во областа на спортот се предвидува да биде реализрана со овозможување на децата со пречки во развојот бесплатно да посетуваат спортски активности организирани во рамки на спортските клубови во Кочани, а Општина Копчани ќе излезе во пресрет со плаќање на партиципација за истите. Децата со попречност кои ќе бидат прифатени од спортските клубови ќе бидат финансиски покриени од страна на Општината.<br>За таа намена во текот на 2024 година планираме износ од 60.000 денари.<br>Поединци кои остваруваат високи резултати во областа на спортот исто така финансиски ќе бидат поддржани од Општина Кочани.<br>За 2024 година нема најава на одредени проекти, но по дополнително поднесување се разгледуваат и за истите се обезбедуваат средства. За оваа ставка планирани се 188.000,00 денари.<br><table><tr><td>4.4</td><td>**Поддршка на проекти од областа на спортот и поединци кои оствариле висок спортски успех**</td><td>**188 000 денари**</td></tr></table><br>**<u>4.5 СТИМУЛИРАЊЕ НА МЛАДИ СПОРТИСТИ</u>**<br>Во делот на стимулирање на млади надежни спортисти Општина Кочани предвидува доделување на Стипендија за млад надежен спортист и млада надежна спортистка. Стипендијата се доделува на две лице во траење од шест месеци по 3000 денари.<br><table><tr><td>4.5</td><td>Стимулирање на млади спортисти</td><td>50 000 денари</td></tr></table><br>* Стипендиите и другите финансии до младите спортисти ќе се реализираат од други програми |
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Краткорочни резултати (на крајот на годината) |

| | |
|---|---|
| | • Зголемување на бројот на вклучени деца и млади девојки и момчиња од сите етнички заедници (Роми и останати етнички заедници) кои живеат во општината во спортски активности во насока на унапредување на здравјето;<br><br>• Поддржување на масовен спорт, спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите и спортистките без разлика на верска и етничка припадност за постигнување на врвни спортски резултати;<br><br>• Организирање на спортски приредби и манифестации;<br><br>• Одржување и функционирање на постојните објекти, како и изградба на објекти за спорт во општината.<br><br>Долгорочни резултати и влијание:<br><br>Преку спорт, остварување на останатите општествени цели како:<br><br>✓ Поголемо вклучување на девојките и жените од помалите етнички заедници (Ромки и други) и во спортските активности и во управувањето со клубовите, и<br>✓ Допринос кон почиста животна средина во насока на постигнување на подобри резултати.<br><br>Индикаторите се дадени во делот за мониторинг на програмата. |
| **6. Ризици** | Програмата може да не се реализира во целост заради недостаток на средсва во буџетот на општина Кочани |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | За развој и поддршка на спортот, Општина Кочани во текот на 2024 година предвидува средства во висина на **5 200 000 денари**. Според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот, средствата се распоредуваат на следниот начин:<br>- Финансиска поддршка на училишни спортски клубови, здруженија и сојузи – 3,5%<br><br>- Финансиска поддршка на спортски клубови, здруженија и сојузи – 58%<br><br>- Финансиска поддршка на спортски манифестации, проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот други материјали – 17,5%<br><br>- Финансиска поддршка за оддржување на спортски објекти – 17%<br><br>- Финансиска поддршка за проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот– 4%.<br><br>**РЕКАПИТУЛАР** |

| Ред бр. | Опис на активности | Средства во МКД |
|---|---|---|
| 1. | **Трансфери до клубови, сојузи и здруженија за нивно функционирање** | **3.490. 500,00** |
| 2. | **Други трансфери за манифестации (судии, набавка на пехари, маици, топки и сл.)** | **799.000,00** |
| 3. | **Одржување на спортски објеки** | **822 500,00** |
| 4. | **Дополнителни проекти и поединци** | **188.000,00** |
| | **В К У П Н О** | **5.200.000,00 денари** |

-

| | |
|---|---|
| **8. Следење и известување/евалуација** | Следење на реализацијата на мерките и мониторинг ќе се врши согласно Правилникот за распределба на средствата за поддршка на спортот на Општина Кочани<br>- Следењето на реализацијата на Програмите на спортските клубови, сојузи и поедини спортисти ја врши административниот службеник од општина Кочани задолжен за изготвувањето на Програмата за спорт на Општина Кочани преку Извештаиите од споменатите и Советот на Општина Кочани преку разгледување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Кочани.<br><br>**Како индикатори за следење на програмата во насока на остварување на целите ќе се користат следните индикатори:**<br><br>- Број на поддржани машки и женски спортски клубови;<br>- Број на поддржани правни лица кои реализираат активности од областа на спортот;<br>- Број на жени и мажи вклучени во спортските клубови **како членови**<br>- - Број на ученици и ученички вклучени во активностите на училишните спортски клубови;<br>- Процент на лица (жени и мажи, девојчиња и момчиња) од Ромската етничка заедница вклучени во с**портските клубови и** активности посебно во училишните клубови<br>- Процент на жени вклучени во управувањето на клубовите<br>- Број на жени вклучени како тренери<br>- Број на жени и мажи од етничките заедници вклучени како тренери во клубовите<br>- Процент на Роми (ж/м) вклучени во управувањето на клубовите/сојузите/манифестациите |

| | |
|---|---|
| **9. Преодни и завршни одредби** | (1) Програмата за спорт на Општина Кочани ќе се реализира согласно Законот за спорт и позитивните законски прописи, во соработка со Здруженијата на граѓани, спортски клубови, поединци кои се занимаваат со спорт и спортските сојузи.<br>(2) Планираните средства од Програмата за спорт на општина Кочани за 2024 година се максимални и нивната реализација ќе зависи од приходите на општината.<br>(3) Исплата на средствата за реализација на активностите предвидени во оваа Програма се врши со одлука на градоначалникот, потпишана од Градоначалникот или од лице овластено од Градоначалникот за потпишување.<br>(4) Градоначалникот на Општина Кочани го обезбедува извршување на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2024 година**.** |

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

ПРИЛОГ 1

Предлог

Врз основа на член 22-а, став(3), од Законот за спортот (Сл.весник на РМ бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016; 106/2016; 190/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ____.2024 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот

## I Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се определува постапката и се утврдуваат критериумите за доделување средства на субјекти кои реализираат програми од јавен интерес од областа на спортот предвидени во Програмата за спорт на Општина Кочани во текот на една година, а истите се определени со Буџетот на Општина Кочани

**Член 2**

Средствата предвидени со Програмата за спорт на Општина Кочани која се донесува секоја година од страна на Советот на Општина Кочани, се однесуваат за:

1. Финансиска поддршка на спортски клубови, здруженија и сојузи;
2. Финансиска поддршка за спортски манифестации;
3. Финансиска поддршка за оддржување на спортски објекти во општина Кочани;
4. Финансиска поддршка на проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот.

**Член 3**

(1)Под финансиска поддршка на спортските клубови се подразбира поддршка на спортски клубови кои ги исполнуваат следните услови:

- Спортски клубови кои имаат решение за вршење дејност спорт и да се регистрирани во општина Кочани;
- Спортски клубови кои имаат поднесено извештај за работа на клубот за работењето во претходната година поднесен до општина Кочани најкасно до поднесувањето на својата програма за користење средства од Буџетот на Општина Кочани, согласно член 8 од овој Правилник; Извештајот треба да опфати: за што се потрошени средствата, број на лица поделени по етничка припадност, жени и мажи, кои учествувале во активностите, број на лица (поделени по етничка припадност, жени и мажи) во менаџментот и управувачките одбори, односно ангажирани од страна ан спортските клубови и како тренери и како менаџери. Новата програма треба да соджи и предвиден број на лица поделени по етничка припадност и пол, кои ќе бидат вклучени во активностите на спортските клубови.

- Спортски клубови кои делуваат за остварување на заеднички интерес за развој на спортот во општина Кочани.

Дополнително ќе се вреднува и за тоа бодови ќе добијат:

- Спортски клубови кои ја поттикнуваат родовата еднаквост, односно вклучуваат и жени во своите активности

- Спортски клубови кои ја поттикнуваат интеграцијата на Ромите и другите етнички заедници, преку нивно вклучување во своите активности

- Спортски клубови кои ја подигаат еколошката свест

(2) Под финансиска поддршка на спортските здруженија и сојузи се подразбира поддршка на спортски здрженија и сојузи кои ги исполнуваат следните услови:

- Спортски здруженија и сојузи за вршење активности од областа на спортот да се регистрирани во општина Кочани;

- Спортски здруженија и сојузи да имаат поднесено Извештај за работа на здружението, односно сојузот за работењето во претходната година заедно со аплицирање со новата сопствена Програма за следната година. Извештајот треба да опфати: за што се потрошени средствата, број на лица поделени по етничка припадност, жени и мажи, кои учествувале во активностите, број на лица (поделени по етничка припадност, жени и мажи) во менаџментот и управувачките одбори, односно ангажирани од страна на спортските здруженија сојузи. Новата програма треба да соджи и предвиден број на лица поделени по етничка припадност и пол, кои ќе бидат вклучени во активностите.

(3) Под финансиска поддршка на спортските манифестации се подразбира поддршка на спортски манифестации кои ги исполнуваат следните услови:

- Организирање и помагање спортски пригодни активности и манифестации кои се од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во општина Кочани

- Спортски манифестации може да организираат и спортски клубови и здруженија кои имаат поднесено Извештај за работа на клубот или здружението за работењето во претходната година заедно со аплицирање со нова сопствена Програма за следната година. Извештајот треба да опфати: за што се потрошени средствата, број на лица поделени по етничка припадност, жени и мажи, кои учествувале во активностите, број на лица (поделени по етничка припадност, жени и мажи) во менаџментот и управувачките одбори, односно ангажирани за реализација на маниестацијата. Новата програма треба да соджи и предвиден број на лица поделени по етничка припадност и пол, кои ќе бидат вклучени во активностите.

(4) Под финансиска поддршка за оддржување на спортските објекти, финансиската поддршка се однесува на спортските објекти кои се во сопственост на општина Кочани:

- Градски фудбалски стадион Никола Мантов;
- Градската спортска сала која е дадена за раководење на ОУ„Св.Кирил и Методиј";
- Градската-училишна спортска сала која е дадена на раководење на ОУ„Никола Карев";
- Градската-училишна спортска сала која е дадена за раководење на ОУ„Крсте П Мисирков" – Оризари;
- Спортската сала „Партизан" ;
- Објектот – Snow board-park во спортско рекреативниот центар „Пониква";
- Повеќенаменски игралишта;
- Фитнес зона Бавчалук;
- Тениските терени и фудбалските игралишта во сопственост на општина Кочани и др.

(5) Под финансиска поддршка на проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот се подразбира финансиска поддршка на проекти кои ги исполнуваат еден или повеќе од следните услови:

- развој на масовниот спорт во општина Кочани
- да ги задоволува потребите на поголема целна група/групи
- вклучување на лица од Ромската и другите етнички заедници
- атрактивност на настанот
- подигање на еколошката свест
- поттикнување на родовата еднаквост со вклучување на лица од различен пол во активностите
- вклучување на лицата со попреченост (жени и мажи) во спортски активности

## II.1. Одлука и конкурс за доделување средства

### Член 4

(1) Општина Кочани во текот на претходната годината за која се доделуваат средствата од член 2 од овој Правилник, со одлука објавува конкурс за доделување на средства кои се однесуваат на субјектите од член 2 точки 1,2 и 4 од овој Правилник, а со цел остварување на јавен интерес за општина Кочани во спортот.
(2) Конкурсот од ставот 1 од овој член се објавува еднаш во годината.
(3) Конкурсот се објавува во локалните медиуми и веб страната на Општина Кочани и трае најмалку 7 (седум) дена, сметано од денот на објавувањето.
(4)Во Конкурсот од ставот (1) на овој член, покрај другото се назначува и начин на доставување на апликациите за доделување на средства и лице контакт од субјектите кои аплицираат.

## II. 2. Апликација за доделување средства

### Член 5

(1)Преку архивата на Општина Кочани до Градоначалникот на Општина Кочани се поднесува писмено барање за одобрување на финансиски средства кое содржи податоци за подносителот на барањето и кратко образложение: цел/причини за барање на финансиските средства. Барањето треба да соджи и опис на очекуваните резултати, опис дали е планирано и како вклучување на жени и лица од различна етничка припадност (Роми и од останатите заедници) во активностите како и детален буџет. Барањето не треба да надмине 5 страни.

(2) Барањето упатено до Градоначалникот на Општина Кочани, најпрвин го разгледува Градоначалникот кој понатаму го распределува до административен службеник за постапување, а од страна на службеникот приемот се врши со интерна доставна книга.

## II.3.Контрола на наменско користење на средствата

### Член 6

(1)По поднесените извештаи од член 7 став (1) на овој Правилник, административен службеник за постапување врши разгледување на извештаите за наменското користење на средствата и утврдува:

- навремено доставување на извештајот;

- целовитост на извештајот која вклучува и број на корисници на средствата разделени по етничка припадност и по пол;

- наменско/ненаменско користење на средствата;

- моментален статус на наменската сметка, односно, дали истата е блокирана или не.

(2) Административен службеник за постапување утврдува кои апликации на субјектите – корисниците од член 2 на овој Правилник ќе бидат земени во предвид за доделување/недоделување на средства.

## II.4. Одлука за доделување/недоделување средства

### Член 7

(1)Административниот службеник го разгледува барањето за одобрување на финансиски средства и проверува дали истото е во согласност со планираните активности согласно донесената Програма за спорт од Советот на Општина Кочани.

(2)За поднесените барања се составува записник во кој се дава образложение за тоа дали секое од барањето е или е не/оправдано согласно Програмата за спорт на Општина Кочани за тековната година според Критериумите што се дел од овој Правилник.

(3)Записникот со предметот се доставува на одлучување до Градоначалникот на Општина Кочани.

(4) Административен службеник за постапување ја составува и препраќа до секторот за финансиски прашања одобрената одлука, а до подносителот неодобрената одлука.

## II.4.Извештај за потрошени средства

### Член 8

(1)Субјектите од член 2 став 2 точка 1, 2 и 3 на овој Правилник се должни за потрошените средства кои им биле дадени да достават извештај до Општина Кочани.

(2) Субјектите од член 2 став 2 точка 1, 2 и 3 на овој Правилник , доставуваат годишен извештај за потрошените средства заедно со аплицирањето со сопствена програма во буџетот за следната година

(3)Извештајот од став 1 на овој член ги содржи особено следниве елементи:

Наративен дел:

- Реализирани активности (учества во општински, регионални и национални лиги, државни и меѓународни турнири)
- Остварени спортски резултати
- Бројност на членови во клубот поделени по пол и етничка припадност
- Раководна структура поделени по пол и етничка припадност
- Собрани средства од членарина и број на членови на клубот
- Активности со подмладок
- Вклучување на маргинализирани и недоволно застапени заедници во спортски активности (Роми, девојчиња, лица со попреченост)

Финансиски дел:

- Детален приказ за потрошени средства поткрепен со документација (платени фактури, исплатни листови, извод од банка, фискални сметки, резервации во хотел, билети за транспорт и сл)

## III Критериуми за доделување на средства

### Член 9

(1)Според Законот за локална самоуправа и надлежностите на општините, покрај другите надлежнсти предвидено е:

- Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт
- Организирање и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во општина Кочани
- Одржување на спортските сали, терени и рекреативни игралишта.

## III.1. Корисници на средствата од буџетот на Општина Кочани од Програмата за спорт на Општина Кочани

### Член 10

(1)Право на распределба на средства имаат:

- Спортски клубови кои имаат решение за вршење дејност спорт регистрирани во општина Кочани;
- Спортски здруженија кои делуваат за остварување на заеднички интерес за развој на спортот во општина Кочани;
- Спортски сојузи
- Организатори на спортски манифестации;
- Институции, здруженија или сл. кои се задолжени за оддржувањето на спортските сали, терени и рекреативни игралишта.

(2)Корисниците на средствата од буџетот на Општина Кочани, односно спортските клубови, согласно Програмата за спорт на општина Кочани се категоризираат во следните групи:

**<u>А.Група – Олимписки спортови</u>**

**А.I Екипни спортови**

I-1. Фудбал

I-2. Ракомет

I-3. Кошарка

I-4.Одбојка

**А.II Индивидуални спортови**

II-1. Атлетика

II-2. Борење

II-3. Пливање

II-4. Скијање

II-5. Тенис

II-6. Пинг понг

II-7. Џудо

II-8. Велосипедизам

II-9. Шах

II-10. Спортска гимнастика

II-11. Триатлон

II – Спорт и рекреација на инвалидизирани лица

**Б.Група – Неолимписки спортови**

**Б.I индивидуални спортови**

I-1. Карате

**Б.II**

II-1.Алпинизам

II-2. Планинарски спортови

II-3. Риболовен спорт

**В.Група – Федерации со комплексна содржина**

**В.I комплексни спортови**

I-1. Сојуз на училишен спорт

I-2. Општински фудбалски сојуз

I-3. Општински спортски сојуз

**III.2.Критериуми за доделување средства предвидени со**

**Програмата за спорт на Општина Кочани**

**Член 11**

Од вкупниот буџет на Програмата за спорт на Општина Кочани средствата се распределуваат на следниот начин:

Од вкупниот буџет на Програмата за спорт на Општина Кочани средствата се распределуваат на следниот начин:

1. Се доделуваат средства за котизација на клубовите од група AI – екипни олимписки спортови и тоа:
- 70% од котизацијата за влез во прва лига сениори и
- 50 % од котизацијата за влез во втора лига сениори,

а останатите средства се делат процентуално за:

2.Финансиска поддршка на училишни спортски клубови, здруженија и сојузи – 3,5%

3.Финансиска поддршка на спортски клубови, здруженија и сојузи – 58%

4.Финансиска поддршка на спортски манифестации, проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот други материјали – 17,5%

5.Финансиска поддршка за оддржување на спортски објекти во општина Кочани, непредвидени активности и репрезентација за настани – 17%

6. Финансиска поддршка за проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот– 4%.

Член 12

Средствата од член 11 став 1 точка 3 понатаму се распределуваат проценуално, односно:

1. Финансиска поддршка на спортски клубови –94%.
2. Финансиска поддршка на спортски сојузи и зруженија – 6 %.

Член 13

Средствата од член 12 точка 1 понатаму се распределуваат проценуално, односно:

1. Финансиска поддршка на спортски клубови од олимписки спортови – 97%.
2. Финансиска поддршка на спортски клубови од неолимписки спортови - 3%.

Член 14

(1).Средствата од член 12, став 1, точка 2 се доделуваат за финансирање на општински спортските сојузи и здруженија за нивна непречена функција, а се насочени за: обезбедување на просторни услови, функција на органи и тела во федерациите како и за функционирање на регионалниот и општински систем натпревари.

Член 15

Средствата од член членот 13 ставот 1 понатаму се распределуваат проценуално, односно:

1. Финансиска поддршка на спортски клубови од екипни олимписки спортови – 70 %.
2. Финансиска поддршка на спортски клубови од индивидуални олимписки спортови - 30%. “

**Член 16**

Средствата од член 15став 1, точка 1 понатаму се распределуваат според следниве критериуми:

***(1) Спортски клубови од Олимписки екипни спортови***

***1а.Спортски клубови кои се натпреваруваат во лига сениори***

- За учество во претходната натпреварувачка сезона

| | |
|---|---|
| - I лига сениори | 30 бода |
| - I I лига сениори | 25 бода |

- III лига сениори 15 бода

- За учество на меѓународни систем натпревари 10 бода
- Активности со подмладок 10 бода
- Публика на натпревари максимум 200 бода
- Традиција максимум 200 бода
- Наплатена членарина - 50 бода
- Конкуренција максимум 200 бода
- Клубот вклучува жени и како спортистки и во управувачката структура
  максимум 50 бода
- Клубот вклучува Роми и други етнички заедници и како спортисти и во управувачката структура
  максимум 50 бода

- Клубот има влијание врз развивањето на еколошката свест
  максимум 20 бода

***<u>1б.Спортски клубови кои се натпреваруваат во лига јуниори</u>***

- За учество во претходната натпреварувачка сезона
  - - I лига јуниори 15 бода
  - - I I лига јуниори 10 бода
  - - III лига јуниори 5 бода
- За учество на меѓународни систем натпревари 8 бода
- Активности со подмладок 10 бода
- Публика на натпревари максимум 200 бода
- Традиција максимум 200 бода
- Наплатена членарина - 50 бода
- Клубот вклучува жени и како спортистки и во управувачката структура
  максимум 30 бода
- Клубот вклучува Роми и други етнички заедници и како спортисти и во управувачката структура
  максимум 30 бода
- Клубот има влијание врз развивањето на еколошката свест
  максимум 20 бода

***<u>1в.За национални натпревари во лига систем за, кадети или пионери</u>***

- За учество на национален систем на натпревари 5 бода
- За освоено место на државно ниво:
- - I место 5 бода
- - II место 3 бода
- - III место 2 бода
- За учество во меѓународни турнири 3 бода

- Клубот вклучува жени и како спортистки и во управувачката структура
  максимум 5 бода
- Клубот вклучува Роми и други етнички заедници и како спортисти и во управувачката структура
  максимум 5 бода
- Клубот има влијание врз развивањето на еколошката свест
  максимум 5 бода

* Финансиската поддршка на клубовите може да се зголеми и во текот на годината доколку некој од клубовите преминува во повискока лига на натпревари со одлука на Советот на Општина Кочани.

**Член 17**

Средствата од член 16 став1, точка 2 понатаму се распределуваат според следниве критериуми:

**(1).** ***Спортски клубови од Олимписки индивидуални спортови***

***1а.Спортски клубови кои се натпреваруваат во I лига сениори***

- За учество на национален систем на натпревари 20 бода
- За освоено место на национални систем натпревари:
- - I место 5 бода
- - II место 3 бода
- - III место 2 бода
- За учество на балканско првенство 5 бода
- За учество на европско првенство 8 бода
- За учества на домашни турнири 1 бод
- За учества на меѓународни турнири 2 бода
- Клубот вклучува жени и како спортистки и во управувачката структура
  максимум 5 бода
- Клубот вклучува Роми и други етнички заедници и како спортисти и во управувачката структура
  максимум 5 бода
- Клубот има влијание врз развивањето на еколошката свест
  максимум 5 бода

***1б. Спортски клубови кои се натпреваруваат во национални лига системи за јуниори, кадети или пионери***

- За учество на национален систем на натпревари 15 бода

- За освоено место на државно ниво:
- - I место 3 бода

- \- II место 2 бода
- \- III место 1 бода
- За учество на балканско првенство 4 бода
- За учество на европско првенство 5 бода
- За учества на домашни турнири 1 бод
- За учества на меѓународни турнири 3 бода
- Клубот вклучува жени и како спортистки и во управувачката структура
  максимум 5 бода
- Клубот вклучува Роми и други етнички заедници и како спортисти и во управувачката структура
  максимум 5 бода
- 
- Клубот има влијание врз развивањето на еколошката свест
  максимум 5 бода

**Член 18**

Вредноста на еден бод се пресметува од количникот на вкупната сума средства предвидени со Член 16 и вкупниот број на бодови од спортските клубови кои аплицирале и ги исполнуваат условите од Член 16 став 1, точка 1.

**Член 19**

Вредноста на еден бод се пресметува од количникот на вкупната сума средства предвидени со Член 17 и вкупниот број на бодови од спортските клубови кои аплицирале и ги исполнуваат условите од Член 17 став1,точка 1.

**Член 20**

(1) Организирање на традиционални спортски манифестации што се од интерес за општина Кочани ќе бидат финансирани по претходно поднесена Програма од спортски клубови, сојузи или здруженија или пак истите ќе ги организира администрацијата на Општина Кочани.

(2)Организаторот на спортските манифестации кој конкурира за добивање средства од Буџетот на Општина Кочани доставува Програма за организација на спортска манифестација.

(3)Доделените средства организаторот има обврска наменски да ги користи за организација на настанот.

**Член 21**

Средствата предвидени по Член 11 точка 3 и 4 се распределуваат според извршена анализа, односно записник на општинската администрација и одлука на градоначалникот на општина Кочани.

**Член 22**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Сл.гласник на Општина Кочани“).

Бр.09- _____/1 Претседател

___.2024 година на Советот на Општина Кочани,

К о ч а н и

Изготвил: Раководител на Одделение за јавни дејности
Голубинка Георгиева

РОМАКТЕД фаза 2 "Промовирање на добро владеење и зајакнување на Ромите на локално ниво" е Заедничка Програма помеѓу Европската Унија и Советот на Европа.
Програмата РОМАКТЕД фаза 2 се имплементира во периодот Јануари 2021 до Декември 2024.
Целите на Програмата се:

- Да изгради политичка волја и одржлив политички ангажман на локалните власти за подобрување на демократското локално управување (владеење) и да изгради капацитет и стимулира јакнење на локалните ромски заедници за да придонесат во дизајнирањето, спроведувањето и мониторингот на планови и проекти кои се однесуваат на нив;
- јакнење на ромската заедница - на индивидуално ниво (им асистира на луѓето да ги практикуваат своите основни права и прошират своите капацитети и вештини), како и на ниво на заедницата (им асистира на луѓето да се организираат за да ги искажат своите интереси околу решавање на проблемите во заедницата);
- подобрување и проширување на посветеноста, капацитети, знаења и вештините на институциите во работењето за ромска инклузија (вклучување на Ромите), како и воведување во пракса на концептот за добро управување (владеење).

Специфичноста на делувањето е да им се помогне на локалните власти да интегрираат конкретни димензии/мерки, фокусирани на Ромите, во тековните севкупни (мејнстрим) локални политики, буџети и испорака на јавни услуги во нивната агенда, при зголемување на учеството на ромските граѓани во дизајнирањето, спроведувањето и мониторингот на тие политики и проекти

Оваа публикација е изработена во рамки на програмата РОМАКТЕД фаза 2, достапна на македонски и англиски јазик во електронска форма, со финансиска поддршка од Европската Унија и Советот на Европа.

Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови не може да се смета дека ги одразуваат официјалните мислења на Советот на Европа и на Европската Унија.

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Co-funded
by the European Union

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Co-funded and implemented
by the Council of Europe